# Пророк

**Гласот на вистината.**
**Пророчицата Божја говори во наше време.**

*Декември, 2004 год.* | *Излегува нередовно* | *Бр. 16*

**Темелното во наше време за размислување и за самоспознавање**

# Убивањето на животни е смрт на луѓето

*Така е како што е.*
*Не менува ништо во работите*
*дали верува човекот во тоа или не*

*3. издание на македонски јазик*

*Лиценцно издание со одобрение од издавачот:*

© Verlag DAS WORT GmbH
Max-Braun-Strasse 2
97828 Marktheidenfeld-Altfeld, Deutschland
www.das-wort.com
e-mail: info@das-wort.com

*Наслов на германскиот оригинал:*
*Die Stimme der Wahrheit "Der Prophet". Nr. 16*
Der Mord an den Tieren ist der Tod der Menschen

*mazedonisch*

*Autorisierte Übersetzung d. Verlages DAS WORT*

*Lizenzvertrag vom: 5.6.2002*

*За сите прашања од значење за содржината*
*меродавно е изворното германско издание*

*Во Македонија издава:*
*Универзален живот - Скопје*
*п.фах 892, 1000 Скопје*

*Сите права се задржуваат*
*Печати: Цином - Скопје*

*Фотографијата на корицата: art Rhodina, Frankfurt*

# *Пророкот:*

## *Убивањето на животни е смрт на луѓето*

*Така е како што е.*
*Не менува ништо во работите*
*дали верува човекот во тоа или не*

Сега е така како што е; човекот пропаѓа заради своето сопствено однесување против законот на животот. Со илјадници години криковите на злоделата на човечката злоба одеа до небо. Сега тие почнуваат да дејствуваат. Жетвата ги покажува јасно обележјата на сеидбата.

По некој мисли: "Бог не постои. Кога би постоел семоќен и мудар Небесен Татко, Тој не би го дозволил сето она негативно што се случува денес во светот." Можеби црковните власти потајно се на истото мнение. Црквата ги мами тврдоглавите трагачи по вистината со проверениот црковен изговор: "Бог не допушта да се гледа во Неговите тајни."

Она што се случува со животните и со природните царства, тоа, во секој случај, не се веќе тајни. Познато е дека човекот е зачетникот на тие свирепости. А човекот вели: "Зошто Бог не се вмешува? Зошто Тој не помага?"

Кому би требало да му помогне Бог? Дали треба Тој да им даде повеќе животна сила на животните и на природата за да можат подобро да ги издржат мачењата и да бидат уште порадикално искористувани, колени и убивани заради профит? Со тоа Тој би му помогнал на "кнезот на свирепоста", кој од Земјава направи долина на лелеци. – Или Бог треба да го убие човештвото, слично како човекот животните? Во секој случај, тогаш животните би имале мир од луѓето! - Или Бог треба да го зајакне човековиот организам за да може да поднесе без штета уште повеќе незаконита храна и средства за уживање, предизвикувачи на болест, отрови, генетски манипулирани супстанции и зрачењето на човечката злоба? Треба ли, значи, Тој да ги поддржи приврзаниците на кнезот на подземјето во нивното безбожно дејствување? – Притоа, се поставува прашањето: кој не е негов приврзаник?

Кој верува во Црквата и нејзи-

ната проповед за тајните Божји, тој избрал. Но, тој не Го избрал Бога, оти Бог им говори на луѓето откога постои човештвото.

Бог, Духот на бесконечноста, им говореше на луѓето секогаш повторно преку луѓе-гласноговорници. Тој говореше во сите генерации. Тој се објавуваше преку просветлени мажи и жени и преку пророци. Преку Мојсеј, Бог, Вечниот, им ги даде на луѓето Десетте Заповеди. Пред две илјади години Тој го испрати Својот Син, Исуса, Христа, на Земјава, кој нè поучуваше за Беседата на Горатa. Бог, Семоќниот, не нè остави нас луѓето без Својата реч. Во сите времиња од човековата историја се слушаше, секогаш повторно: "И Бог рече..."

Во изминатите две илјади години се објавуваше и се објавува и Исус, Христос, Откупителот на сите души и луѓе. Меѓутоа, во сите времиња масата луѓе не ја слушаше непосредната Божја реч. Многу луѓе, исто така и оние кои се нарекуваат христијани, и денес уште се однесуваат слично како во паганството. Тие веруваа и веруваат во она што го огласуваше и го огласува свештеничкиот сталеж и што науката го изнесува како вистина. Како во паганството, луѓето се врзуваа и се врзуваат за ритуали и култови, верувајќи дека црковната традиција е живот.

Исус не го поучуваше човештвото на традиција, бидејќи таа значи крутост и назадување. Бог е еволуција, која човекот ја постигнува преку исполнување на Божјите закони. Во споредбата за сребрениците ние имаме доказ дека Бог е еволуција, а не традиција:

*Тоа е како со човекот кој отишол на пат: тој ги повикал своите слуги и им го доверил својот имот. На еден му дал пет сребрени пари, на друг две, а на трет, пак, една – секому според неговите способности. Потоа отпатувал.*

*Слугата кој добил пет сребреници започна веднаш да стопанисува со нив и стекна уште пет други. Исто така и оној кој имаше добиено два сребреника, стекна уште два покрај нив. А оној кој имаше добиено еден, отиде и ископа дупка во земјата и го скри сребреникот на својот господар.*

*По долго време, господарот се врати, па побара слугите да му положат сметка. Тогаш дојде оној кој имаше добиено пет сребреници, донесе уште пет други и рече: "Господару, ти ми даде пет пари; а види овде, јас заработив уште пет други." Неговиот господар му рече: "Многу добро, ти си вреден и верен слуга. Беше верен управител во мало; јас сакам да ти пренесам голема задача. Дојди, учествувај во радоста на својот господар!"*

*Тогаш дојде слугата кој имаше добиено две сребрени пари и рече: "Господару, ти ми даде две пари; а, види, спечалив уште две*

*други.” Господарот му рече: “Многу добро, ти си вреден и верен слуга. Беше верен управител во мало; јас сакам да ти пренесам една голема задача. Дојди, земи учество во радоста на својот господар!”*

*Најпосле дојде и слугата кој имаше добиено една сребрена пара и рече: “Господару, јас знаев дека си строг човек, дека жнееш онаму каде што не си посеал и собираш таму каде што не си фрлил; јас се исплашив и ја скрив твојата пара в земја. Еве ти ја повторно назад”. Неговиот господар му одговори: “Ти си лош и расипан слуга! Ти си знаел дека жнеам каде што не сум посеал и собирам каде што не сум расфрлил. Да го ставеше барем мојот сребреник в банка, тогаш при моето враќање јас би го добил своето, со камата.*

*Затоа, земете му го сребреникот и дајте му ја на оној кој има десет сребреници! Оти, ќе му се даде на секој што има, и тој ќе има и отповеќе; а на оној кој нема, ќе му се одземе и тоа што уште го има. Исфрлете го бесполезниот слуга надвор во мракот! Таму ќе вие и ќе крцка со забите.”*

Институцијата Црква и нејзините верници закопаа не само едно вредно нешто, туку сите вредни нешта што Бог, Вечниот, и Неговиот Син, Исус, Христос, му ги дадоа на човештвото. И сите оние кои ѝ припаѓаат на институцијата Црква, кои заплиknown

Now the right column: ваа заедно со неа во струјата на традицијата, мислеа и постапуваа исто како црковните великодостојници, бидејќи ги следеа нив.

Во поглед на сегашната ситуација, може да се каже: Како структурата на моќ наречена Црква, која е заглавена во својата традиција, така и црковните верници, државата, која им ги врзува чевлите на црковните властодршци, и науката, која манипулира со Животот – сите тие потфрлија. Две илјади години по Христа е очигледно дека она што трите моќни “ангели гласници”, врзани за светот и традицијата - Црквата, науката и државата - го објавуваа како вистина, не донесе ништо.

Како изгледа билансот? – Меѓу луѓето е немир, лага, измама, насилство, борба, страв и очај. Се шири неволја и беда од секаков вид. Во, на и над Земјата не е веќе ништо онакво какво што некогаш му го даде Бог на човекот. Себичност, самоволие, алчност и немилосрдност ја осквернавеа, онечистија, разорија, затруја, измачија и усмртија природата.

Нарушен е принципот на навигацијата на птиците, на рибите и на сите животни од морињата, реките и езерата заради вмешувањето на луѓето. Морињата и останатите води, исполнети со ѓубре, отпадоци, нечистотија и хемикалии од најразличен вид, загадени со нафта, а и со прекумерното ловење риби се претворени во клоаки во кои животот одумира. Животните во и на Зем-

јата страдаат и бедно пропаѓаат заради ѕверскиот новопечен фалбаџија и моќник - човекот, кој сосем постепено се задушува самиот во својата его-заблуда.

Тој им го негира нив достоинството, кое кај самиот себе го смета за недопирливо, а ги лишува од секакво достоинство вршејќи свирепи експерименти над животните; тој им го негира правото на слободен развиток, кое го бара за себе, а ги мачи во тесните кафези и трла за масовното држење животни заради индустријализираната продукција на месо; тој им го негира правото на семејство, одземајќи им ги теленцата на кравите; тој им го негира, пред сѐ, правото на живот, колејќи ги без размислување, иако е веќе докажано дека за здрава исхрана не е никако потребно да има храна со месо, дури дека е попрво штетно.

Иако човекот и неговите дела одат во насока на пропаст, тој смета сѐ уште дека правото на моќ, кое го бара за себе, би морал да го применува спрема сето она за кое верува дека е под него.

Во последните 25 години Божјиот Дух го опоменува одново човештвото преку Својот гласноговорник, кого Тој, Сѐ-Едниот, го нарекува Своја пророчица и гласничка. Тој ги повикува луѓето на осознавање и преобраќање. Исус, Христос, ги поучуваше луѓето преку Пророчката реч за патот кон Него, кој е живот во Бога, Вечниот. Тој говореше за чистење на сетилата и сетилните задоволства, при што ја осудуваше и исхраната со месо и ги повикуваше луѓето полека да го напуштат јадењето месо. “Полека” значи сосем постепено да се чистат сетилата преку примената на Десетте Божји Заповеди и Неговата Беседа на Гората.

А Христос говореше со јасни зборови и за апокалипсата што ќе го снајде човештвото ако тоа не го почитува Животот, кој е Тој, така што човекот и понатаму ќе мачи, злоупотребува, коле и јаде животни, кои се негови мали браќа и сестри, за да ги задоволи огрубените сетила.

Во сегашново време речта Божја е слободно достапна за секој човек на целата Земја, бидејќи Духот Божји може да се слушне на целата Земја. Веќе многу години Неговата реч на објавата струи во светот преку многу радио и телевизиски канали. Многу книги и касети, кои беа преведени на многу јазици, може да се добијат во сите земји на оваа планета Земја. Неговата порака може да се чита и на Интернет. Како и во сите времиња во кои Бог говореше преку пророци, многу луѓе ја препознаваат вистината, меѓутоа им недостасува истрајност да Го следат Него, Исуса, Христа.

Многу луѓе знаат за исказот: “Кој не сака да слуша, ќе мора да осети.” Отприлика една година пред да започне катастрофата, усмртувањето на стотини илјади

животни затоа што беа оболеле од BSE (кравјо лудило), како и од лигавка и шап и од гниење на папците, Вечниот рече дека им ја одзеде на луѓето Земјата со сите животни и растенија, кои Тој еднаш им ги беше доверил ним, и ја издигнал кон Себе. До ова дојде бидејќи со илјадници години човештвото ја малтретираше, ја онечисти и на најразличен вид и начин ја оптовари природата, растенијата, животните и минералите, водата, воздухот, значи целата Земја; бидејќи на ѕверски начин ги мачи и усмртува животните – во нив припаѓа и животот на почвата, најмалите живи суштества – и така ги презира природните закони и не се дистанцира од јадењето животински трупови. Неговите зборови, меѓу другото, гласеа: *Доста е со изродите на човечката подлост, со престапите кон хранителката на човештвото, кон мајката Земја!*

И Бог рече (во годината 1999): *Кутрите суштества, кои веруваат дека би можеле да Го надитрат Создателот, ќе мораат набрзо да сознаат дека мајката Земја веќе не им е послушна ним. Земјата е сега Моја и ќе го прави она што е Моја волја. Тоа значи дека причините, престапите на луѓето кон мајката Земја, ќе доаѓаат до вас сè побрзо како последици.**

Оттогаш алармантни збиднувања се нижат едно по друго во целиот свет. Дали е тоа случајност?

Следуваат неколку еклатантни примери за потсетување:

- Големи површини од Мозамбик, Зимбабве и други предели на Јужна Африка се зафатени од поплави со седмици. Пет милиони луѓе се непосредно погодени, повеќе од 150 најдоа смрт, половина милион се без покрив над главата. Се шират колера, маларија и други зарази.

- Повеќе од 1500 мртви во северна и североисточна Индија во тешки поплави.

- Монголија страда во најсуровата зима во последниве 50 години. Со говедата и коњите умира и начинот на живот и културата на 2,4 милиони номади.

- Циклони во Пацификот и северниот Атлантик. Орkански луњи предизвикуваат пустошења и на наши географски широчини, особено во растителниот и животинскиот свет.

- Катастрофи заради суши, во Кина, во Индија: Жени мораат да одат со своите кофи по вода често и по 20 km далеку преку

* Брошура *Габриеле–фондација. Заамлинско дело на ближната љубов спрема природата и животните. Твоето царство доаѓа – Твојата волја се врши. Моли и работи, стр. 11*, бесплатно може да се добие при: Gabriele-Stiftung, Max-Braun Str. 2, 97828 Marktheidenfeld, Deutschland

каменеста, испукана и жешка земја за да ги снабдат своите семејства со скудни количества вода. Не се погодени само луѓето. Говедата умираат на илјадници. Селаните со малку имот ја губат својата подлога за егзистенција.

- Шумски пожари во Грција и Русија беснеат со седмици. И на западот од САД и во Мексико има долг сушен период. Многу илјади квадратни километри шума се во пламен. Илјадници луѓе мораат да се евакуираат.

- Пораст на температурите ширум светот. Огромни маси мраз на југот и северот од Земјата се топат, особено глечерите. Нивото на морињата расте. Ниските предели, исто така и на запад и север од Германија, се сметаат за долгорочно загрозени.

- Магнетното поле на Земјата постојано значително варира и, во целина, станува послабо. Преселните птици летаат без ориентација и заталкуваат.

- Од 19. век до сега северниот магнетен пол се поместил за повеќе стотини километри. Научниците говорат за можност Земјата да оди во насока на искокнување на половите.

Уште во осумдесеттите години ние слушнавме од Божјиот Дух дека Земјината оска веќе покажува напукнатост.

Нема само нашава планета да доживее промена на половите. Ерата на Духот моќно настапува. Царството Божјо на оваа Земја ќе им даде престојувалиште само уште на луѓето на Духот. Тие ги напуштиле своите преполаризирања – програмите на себичност, на желбата да се биде и да се има. Тие Му изразуваат во сè чест на Бога, живеат и дејствуваат во Неговата волја. Тие го исполнуваат Законот, Бог, во своето осеќавање, чувствување, мислење, говорење и постапување.

Катастрофите на Земјата се сликата во огледало на катастрофата човек. Ниту елементарните сили – оган, вода, земја и воздух - не му се веќе послушни на човекот. Тие го отресуваат она што им го натоварил човекот од агресии, разорување, онечистување, од мисли за материјална корист и искористување. Човекот го погодуваат последиците од неговите причини.

Исто така, во последниве години имаше и жива вулканска активност и земјотреси. Што е причината? Таа лежи повторно кај човекот.

Земјата е со намера да се профини; таа се обидува од сè што се распаѓа да создаде ново. Така, од фосилните прашуми настануваат нафта и јаглен. Место ние да ѝ помогнеме на Земјата, на пр. да ги чистиме шумите и дрвото да го користиме, ние ја искористуваме Земјата. Ја земаме нафтата од

Земјата за свои цели, за профит на оние кои скапо ја препродаваат. Исто така ѝ одземаме на мајката Земја јаглен, минерали, камења и уште многу друго.

Како ќе се однесува едно човечко тело од кое преку самоволие му се вадат органите, т.е. му се одземаат преку операција? – Значи, не треба да се чудиме што Земјата се протресува и се тресе во треска.

Ширум светот напредуваат зарази. И болести за кои се сметаше дека се победени, повторно настапуваат, делумно со варијанти на предизвикувачи кои се резистентни кон лекарствата што се на располагање.

- Стотини илјади луѓе оболуваат годишно од маларија само во југоисточна Азија. Еден процент од нив умираат. Пренесувачот на маларијата, еден комарец, сега може веќе да се сретне и во Европа и Северна Америка.

- Многу зарази доаѓаат од животинското царство, во кое се вмешува човекот: BSE (кравјо лудило), вируси на грип од кокошки и свињи од Азија; СИДА од мајмуни од Африка. Чумата доаѓа повторно. Во Русија се шири епидемија од туберкулоза.

- Изумирањето на видовите продолжува. Дневно изумираат до 130 животински и растителни видови.

Во ова време – преку взрачувањето на божествената светлина, преку сојузот на Бога со Земјата и животните – доаѓа сè во движење, станува сè очигледно. Она што му служи на Духот Божји на Земјава, станува видливо; исто така се обелоденува и сатанското. Светлината на вистината изнесува сè на виделина, како во големо така и во мало, во животот на поединецот. Противното, антихристијанското, се препознава какво што е.

Лудилото на човекот се изразува во форма на лудило на говедата. Заштитниците на животни укажуваат на тоа дека животните се одгледуваат со помош на државни субвенции. И плаќачот на данок, значи, сакал или не сакал, е вовлечен во ова лудило. Морално и етички тоа не може да се оправда!

Сега се лелека над тоа што се усмртуваат многу говеда заради кравјото лудило. Тоа е лицемерно. Зошто се чуваат толку многу говеда? За да се изедат, да не речеме: да се излапаат, малку по малку. Ако се држат животни за да бидат изедени, тоа е неспоиво со достоинството на човекот како дете Божјо. Тука може да се зборува само уште за "лапање".

Впрочем: Ако се посматра животното додека јаде, се поставува автоматски прашањето: "лапаат" ли животните, или лапаат луѓето? Јас гледав дека животните јадат.

Нечовекот – лапач на трупови. И тоа повеќекратно, бидејќи она

што беше содржано во животинското брашно, храната за животни, не може да се опише: отпадоци од кланици, од ветеринарски ординации и од лаборатории за експерименти над животни; исто така веќе беше додавана и човечка плацента; самите лабораториски стаорци од фармацевтската индустрија, на кои им биле вшприцани канцерогени хемикалии, завршуваа во коритата за храна на животните, исто како и заринканите китови кои беа полни со штетни материи, како DDT и PCB. Во основа, тие би требало да се отстранат како посебно опасен отпад. Меѓутоа, опасниот отпад беше сомелен, сварен и испресуван и им беше даван на говеда и свињи. Така, сето тоа заврши како неделно печено месо на човековата трпеза. На почетокот и на крајот од синџирот на исхраната стојат отровни мрши. Човекот – канибалот.

Многу луѓе сега се дистанцираат од месото. Сепак, отпадот, што самите го создадовме, ние го јадеме со уживање најмногу преку синџирот на исхраната. Нашиот измет, нашите талози и отпадни продукти, доаѓаат на полињата како прочистена тиња. Ние ќе се задушиме од нашата сопствена нечистотија. А тогаш треба да помогне господинот доктор, кој е инфициран со исти и слични средства за зајакнување.

И полињата страдаат, повеќе или помалку, од BSE, бидејќи се и тие наполнети со супстанциите-носители, кои довеле до BSE.

Јадењето на нашите со-створенија станува сè поопасно. Оние кои јадат месо, кои се откажале од говедското месо, мораа да утврдат дека ниту свинското месо не е веќе сигурно, бидејќи цели стада беа нагнетени со антибиотици. А оној што сакаше да се преориентира кон риба, дозна од Брисел дека рибите од Северното и Источното Море се загадени со диоксин. Не може да се биде сигурен веќе ниту во домашните крапови и пастрмки, бидејќи тие се хранат со нивните мртви сродници од Северното и Источното (Балтичко) Море. На крајот, се затвори и преориентирањето кон исхрана со живина: Сојузната служба за здравје на Германија не ја исклучи можноста за пренесување на BSE ниту на гуски и патки. Дури и кај нојовите, оти некои преминаа на исхрана со нив, се открија неодамна исти дупки во мозокот како и кај говедата заразени со BSE. Сè повеќе животни стануваат непогодни за лакомоста на човекот.

Но, страста за месо очигледно не може да ја надомести ништо друго: со оглед дека луѓето кои јадат месо сега изедуваат повеќе живина отколку говедско и свинско месо, насекаде настануваат големи фарми за гоење живина. Заштитниците на природата и на животните алармираат. Она што се одигрува во овие фарми за живина, во кои до 40 000 животни

мораат да живеат на најтесен простор, не може ниту да се опише: заради агресија и страв животните се колваат меѓусебно нанесувајќи си рани, заради што им се горат клуновите, или ом се отсечуваат канџите на прстите. Многу оболуваат, заради што се применуваат антибиотици со тони. Заштитата на животните се гази – меѓутоа, што му е грижа за тоа на потрошувачот, кој со наслада си го јаде своето згоено пиле!

На особено ужасен начин со судбината на животните се отсекогаш сврзани ловците:

Ловците го оправдуваат својот крвав занает со тоа дека божем се грижат за рамнотежата во природата. Наводно, имало премногу животни, или, инаку, би можело да преовлада еден животински вид. Меѓутоа, ова не го потврдуваат набљудувањата во претежно ненаселените региони на Земјава.

Новите студии на еколозите направени во природа покажаа дека животните располагаат со внатрешен механизам за регулација на растежот на популацијата. Така е утврдено, на пример кај слоновите, дека решавачко за стапката на растеж не е гладот или смртта, туку флексибилноста на женските животни во однос на започнувањето на половата зрелост. Ако се заканува пренаселеност, опаѓа стапката на раѓања. Слично е утврдено кај елените, лосовите, козорозите и кај други крупни цицачи. И многу видови птици, исто така, веќе според густината на својата популација, подзапираат во размножувањето. Ако бидат застрелани многу припадници на ист вид птици, во акција стапува резервата од индивидуи кои не се плоделе дотогаш, и доаѓа до нараснување на повеќе животни отколку што постоеле пред убивањето на птиците.

Ниту еден вид не се размножува без мера и цел. Популациите не се ограничуваат однадвор, со борба против нив и со нивно убивање, туку преку внатрешната мера.

Значи, ловот не е погодно нешто за ваква цел, туку е и целосно непотребен. Во брошурата *Габриеле-фондација. Заамлинско дело на љубов на ближните спрема природата и животните** читаме што има да каже за ова Бог, семудриот и семоќниот Создател на Универзумот:

*Животните во шумите и полјаните се бездомни, бидејќи подмолните ловци на плен ги демнат суштествата за да ги соборат.*

*Многу луѓе се со погрешно гледиште дека тие би морале да ја одржуваат рамнотежата во природата. Бог рече: Јас Сум порамнувањето во целата бесконечност и, исто така, во природните царства на Земјата. Мене не Ми се потребни тешки луѓе*

**Габриеле-фондација. Заамлинско дело на љубов на ближните спрема природата и животните*, стр. 12

*кои мислат дека мораат да одржуваат рамнотежа.*

Човекот не мора да се претвори во вештачки разбојник за да ги замени “природните непријатели”. Тој само ја нарушува хармонијата на природата, ги раскинува социјалните групации на животните, ги разорува нивните престојувалишта и области каде што се хранат и предизвикува големи преселби надвор од природниот ритам.

Кај дивите свињи, на пример, ловците првин ја земаат на нишан и ја застрелуваат маторицата, која има водечка улога во стадото. Дека со тоа не само што се нарушува социјалната структура на животните, туку дури и сè уништува, за тоа не му е грижа на зеленото палто. За ова еве кажување од еден професионален ловец: *Маторицата-предводник води и организира. Кој ќе ја убие, тој ја разорува социјалната структура на цело едно стадо. Нејзиното застрелување остава зад себе несредена група, која во својата дезориентираност започнува да скита, неконтролирано се размножува и најпосле прави полски штети.* (Sueddeutsche Zeitung, 16.12.2000)

Навистина добар пример, кој покажува како ловецот “ја одржува рамнотежата во природата”!

Дали веќе сте знаеле како се остварува среќен лов и што јадете како ловечка благодарност?

Кај зајаците, на пр., ловецот си ја бара “среќата” преку полнежот од сачми, кој не само што ја прорешетува кожата на жртвата, туку и нервниот систем што се наоѓа под неа. Зајаците се виткаат од болки и, често, викаат како мали деца. Тогаш гордиот ловец се приближува и го убива животното кое јачи – со стап, дршка од нож, со кундакот на својата пушка, или со острицата на дланката; разбирливо, потребни се повеќе удари додека ловецот постигне “успех”. Ова не се, во никој случај, недозволени ексцеси, туку така се препорачува на курсевите за ловци. Па, среќен лов!

А како ловечка благодарност потоа можете да уживате во вашето зајачко печено. Овде-онде притоа ќе загризете уште и во некоја сачма. Можеби следниот пат ќе мислите на тоа како би се чувствувале вие кога би ви набиле седумдесет и пет такви сачми под кожата и потоа би ве дотепале со кундак од пушка.

Можеби кратко си го предочувате и зајакот како со широко отворени очи и исправени уши скокал преку ливадата кога го погодил смртоносниот истрел, за да можете вие да го изедете. Не би сакале ли, попрво, во иднина да се откажете од тој оброк?

Во срните и дивите свињи храбриот ловец не пука едноставно со обични патрони, туку со куршуми кои во внатрешноста на погодените животни се зголемуваат,

односно се делат (експанзивни куршуми) или се свиваат (деформирачки куршуми). Зошто? За да се исфрлат од погоденото животно што е можно повеќе “ловни траги” – крв, желудочна или цревна содржина, влакна, парчиња од коски итн. Тоа треба да го олесни трагањето по ранетето животно, кое уште не е мртво. За да не бега секогаш повторно, при оваа “дополнителна потрага”, дивечот се остава – како што велат ловците - да “боледува” неколку часови. Дури потоа тој се пронаоѓа за да биде животното кое умира конечно усмртено со истрел одблизу. Место овој начин на убивање, како праведно за ловецот важи, според ловечката традиција, и прободување на животното. Голем дел од копитарите, на пр. срни, елени,


Foto: ohz Чешка (ohz.cz)

елени-лопатари, срндаци, дивокози, диви свињи умираат на овој начин во маки што траат со часови. Кога најпосле животното ќе биде мртво, веднаш се “распарува”. Цревата и другите внатрешни делови се истргнуваат од уште топлото тело. Постапувањето на ловецот при ова одвај се разликува од постапувањето на едно грабливо животно, кое ние љубиме да го означуваме како “ѕверско”.

Сето тоа важи како “ловечки оправдано”. Кога ќе го нарачате своето следно срнечко печено, можете да размислите околу тоа колку долго жртвата што ја јадете куцала низ шумата застрелана и скоро во бессознание од болки за да ослободи “ловни траги” од себе. Страдањето што го доживеало животното притоа, довело до излачување на хормони и тоа страдање се наоѓа сè уште во вашето печено месо. Со него вие го јадете и страдањето. Го сакате ли навистина тоа?


Foto: Pelli

Годишно над 300.000 ловци во Германија внесуваат во шумите и полињата немир, страв, стрес, неред, страдање и смрт. 13.000 до 15.000 животни дневно се отстрелуваат од удобните високи чеки или се усмртуваат на ужасен начин со стапици, делумно во неизмерливи маки кога погодени и ранети лежат наоколу или во железните стапици, претајќи додека не умрат. Животните воопшто немаат шанса да си го живеат својот живот.

Зборот "лов", иако толку лош, уште се претставува ублажено. Во стварност, се работи за страст за убивање. "Ловот е секогаш еден вид војна", рекол Гете. "Ловењето е споредeн вид на човековата оболеност на духот", установил Теодор Хојс, првиот претседател на Сојузна Република Германија, кој како неловец морал да оди на лов со дипломати. "Од убивањето животни до убивањето луѓе има само мал чекор", рекол рускиот писател Лав Толстој.

Сѐ повеќе луѓе го наслутуваат тоа. Анкетите го документираат растечкото одбивање на ловот од страна на луѓето. Далеку повеќе од половината од населението – две третини од сите жени – го одбиваат масовното убивање во шумите.

Во 2000 година преку медиумите беше објавено за невообичаено голем број несреќи при лов. Неколку примери: *Ловец отстрелал ловец. Рим – трагична несреќа при лов крај Кунео (Северна Италија): Еден 39-годишник несакајќи го застрелал својот пријател при лов на дива свиња. Од жал си истрелал самиот себеси куршум во главата. Двата човека биле пронајдени дури по два дена.*

Една друга случка: *Еден ловец го застрелува другиот. Куршумот се одбил од камен: Вонредно трагични се околностите на несреќата при лов во Унгарија, при која беше усмртен еден 54-годишен аптекар од Бад Нојштат. Како што се известува, таткото на семејството ловел со пријателите диви свињи. Како што известува еден унгарски весник, 54-годишникот и еден ловец-колега од соседната чека пукале на дивечот. При обидот повторно да погодат еден веќе погоден вепар, куршумот од оружјето на еден од ловците, одбиен од камен, отскокнал во насока на другата чека, каде што го погодил аптекарот директно во срцето. ("Белиот коњ", бр. 8, април 2000)*

Весникот "*Белиот коњ*" вака резимира неколку претходни случаи од сличен вид:

*Серија несреќи. И ловците живеат опасен живот.*

*Овогодинешното отворање на ловот на елени во Соединетите Држави доживеа фијаско. Оти, овој пат – покрај илјадниците елени – меѓу мртвите се најдоа и девет ловци.*

*Во сојузната држава Њујорк беа застрелани два ловца, за кои се помислило дека се животни. Еден трет претрпел срцев ин-*

*фаркт заради возбудата, четврт паднал од високата чека и си го скршил вратот. Во Висконсин беше, исто така, застрелан еден ловец, а четворица умреле од срцев инфаркт.*

*Во државата Њујорк, заради растечкиот број на елени, било побарано од ловците да отстрелаат што повеќе од тие животни.*

*И на Нов Зеланд, исто така, еден ловец претрпел несреќа во ловот – заради своето куче. Токму кога сакал да заколе една убиена дива свиња, неговото куче скокнало врз пушката што лежела наземи. Таа била наполнета и откочена; куршумот го погодил ловецот во ногата. Тој се довлечкал до еден пат и таму морал да чека шест часови додека бил пронајден. Што станало со отстреланата дива свиња, печатот не известува.*

Коментарот на редакцијата: *Она што им го прави човекот на животните, тоа паѓа повторно назад врз него. Тоа е одамна познато. Ново е тоа дека последицата може да настапи многу брзо.*

Би можело ли да биде дека овде се работи за законитоста испраќање и примање, за каузалниот закон? Законот на сеидба и жетва има пушка која погодува подобро од секој ловец!

Од пред неколку години "удобното ловење" доаѓа сè повеќе и повеќе во мода. Се создаваат заградени простори, таканаречени оградени ловишта, во кои, на пр., се одгледуваат, негуваат и се оставаат да се размножуваат диви свињи. Дури, тие и се гојат со добра храна.

*Ловниот заграден простор Клопенбург зафаќа 280 хектари, површина која би можела, според сè, да прехрани 15 диви свињи, меѓутоа на која се чуваат најмалку 300 такви животни. Кој шетал таму, имал добри изгледи да сретне од тие спитомени животни со четини. Дури, во блиското место Нирсбах некои животни беа познати и по име, како маторицата Рита, за која во народот се вели дека "од семејствата со деца со задоволство измолувала леб и јаболка". Еден крмак, така се раскажува во селото, се обидел дури да им пријде на ловците што го ловеле, барајќи храна од нив...*

*Сè до оној 31. октомври минатата година тие си живуркаа удобен живот во таканареченото оградено ловиште на дизелдорфскиот бизнисмен Улф Клопенбург – не наслутувајќи за која цел таму се сместени и гоени...* (Die Zeit, 22.4.1999.)

Германскиот врвен ловец Константин Фрајхер фон Хереман смета дека е морално оправдано да се стрела на питоми диви свињи заради задоволство. *"Тука се ловело чесно. Тука се ловело ловечки оправдано"*, убедува тој. – Ловечки оправдан, така тој објасни на националниот ден на ловците, *е оној лов "кој стравопочитта и обзирноста према животот ги издигнува до сопствено настојување".*

Ова многу зачудува! Тука нешто не е во ред, си вели неопитниот современик, обдарен со здрав човечки разум…

За “стравопочитта и обѕирноста спрема животот” разјаснување може да даде и следниов цитат од веќе споменатиот напис во весникот “Die Zeit”:

*Оградените ловишта првобитно беа феудална придобивка, која беше многу во мода првенствено во 16. век. Како прво, тие требаше да ја зголемат квотата на погодоци на благородничкото ловство, а, како второ, да ги заштитат полињата на селаните од дивечот, а и од криволовство. Денес таквите оградени простори им олеснуваат на имотните ловци, без мака или долго чекање да дојдат на лов меѓу два термина за деловни средби. Ловечките весници се претрупани со огласи. “100% ловечки успех! Прастаро оградено ловиште во Бајернската шума обезбедува преку наемнина отстрел на еленски и муфлонски дивеч”, така отприлика се вели таму. Заградeноста на дивечот важи меѓу ловците кои ловат таму како многу добар аргумент во продажбата: Така, “скриено и тајно, заштитени од погледите на јавноста” може да се доживеат “највозбудливи ловечки часови во годината во лов на црвени елени од сите категории, како и на прастари диви крмаци”, огласува еден жител на областа Алгој, агитирајќи за своето заградено ловиште.*

Инаку: Во никој случај не се сите од овие оградени ловишта толку феудални и толку големи како тоа на Улф Клопенбург, за кое веќе стана збор. *Најмалите изнесуваат околу 75 хектари*, пишува Die Zeit.

Наполно со право за ова може да се каже: Феудалните придобивки, заградените ловишта, се тука заради подмолно убивање на животни. Еден совет до сите вегетаријанци и до оние кои се на пат да станат вегетаријанци, а кои не се вбројуваат себеси во феудални господа на кои им е потребна ловечка среќа и кои ловечката благодарност ја гледаат и доживуваат, меѓу другото, во канибализмот спрема животните. Препуштете им ја ним нивната ловечка благодарност во канибализмот спрема животните! Според законот “На секоја акција следува соодветна реакција” луѓето кои подмолно ги усмртуваат животните ќе ја доживеат својата “морално-етичка” смрт. Убивањето на животни е смрт на луѓето.

На тој начин може феудалното владееење на луѓето и да изумре, така што на Земјата постепено да се пробудат слобода и братство, исто така и спрема животните, кои се мали браќа и сестри на човекот.

Однесувањето на многу ловци, кои ги збираат животните на местата каде што ги хранат, пред своите чеки, потсетува на една сцена од наградениот филм “Шиндлеровата листа”. Во овој

филм командантот на еден концентрационен логор си направил спорт така што веќе рано наутро ќе излезел на балконот од својата куќа, кој, како чека, го надвисувал пространиот концентрационен логор, потоа преку оптичкиот нишан на својата ловечка пушка сосема спокојно ќе изберел една или повеќе жртви меѓу затворениците, која ќе ја убиел секогаш со еден единствен истрел.

Луѓето жртви во концентрационите логори не може да се споредат со животните жртви во шумите, ниту надгледниците во концентрационите логори со ловците – но, начинот на убивањето и задоволството во тоа се ужасно слични. Во наведениот филм жртвите се изложени на успешноста или неуспешноста на убиецот; убиецот си поигрува со нив како господар над животот и смртта. Неговото право да убива со војнички извежбани прецизни истрели не се допушти да биде оспорено од никого; државната власт стоеше зад него сè додека подоцна самиот не заврши на бесилка.

Не треба никој да мисли дека тоа е минато. Ова сценарио спрема животните трае и има свои последици. Кога ќе ги погодат тие денес живите Германци? Оти, она што сме го посеале, тоа и ќе го жнееме. Со животинските зарази тоа веќе започна.

Потенцијалот на агресија, кој – како што покажува германската историја во последните 100 години – беше секогаш латентно присутен, може да се излева, наводно без сопствен ризик и неказнето, само уште врз невините и беспомошни животни.

Сигурно не е случајност што во делови на Германија, на пр. во долна Франкија, за примена на потенцијалот на агресија се градат џиновски кули за стрелање, кои изгледаат како верни копии на стражарските кули за набљудување од концентрационите логори. Омилени места за поставување на такви кули од кои се стрела се на границите од соседниот ревир, за, преку тоа, да не може ниту едно животно живо да ја премине границата. Штом некое кутро суштество макар само ја покаже главата надвор од границата на ловиштето, веднаш се убива безмилосно со помош на оптички далечински нишан.

Многу луѓе рамнодушно гледаат што прави бруталниот вид човек, без да се вмешаат, онака како што правеа и најголемиот број луѓе во филмот *Шиндлеровата листа* кога нивните солуѓе беа гонети и усмртувани. Денес партиите кои се удираат в гради со своето име во кое е содржан зборот “христијански”, го поддржуваат подмолниот потенцијал на убивање, така што успешно го уништуваат стремежот заштитата на животните да се втемели како уставно право, а легалното убивање од задоволство да се ограничи.

Но, онака како што фабрикантот Шиндлер во наведениот филм спаси многу луѓе, чии имиња ги запиша на еден лист, а со

лично залагање и голем ризик, спротивставувајќи ѝ се на моќта на оние кои владееја, така има денес надеж за природата и животните. *Габриеле-фондација. Заамлинско дело на љубовта на ближните спрема природата и животните*, едно постојано растечко дело на помагање, си постави за цел да им создаде на животните простор за преживување и да ги спаси од прогонувањето од страна на подивените и бескрупулозни луѓе. На ова дело за помош веќе му стојат на располагање неколку стотини хектари земјиште, на кое мерило за дејствување не е бруталноста на луѓето, туку почитувањето на сите Божји створенија.

Убивањето животни некому не му е доволно. Токму феудалните господари, меѓу другото, им го одземаат животниот простор на животните. Тие ги притеснуваат, како што е веќе изложено, во тесни полиња и громогласно објавуваат дека има премногу животни, дека штетите во шумите и полињата се енормно големи. Затоа – така сметаат тие – мора да се врши отстрел на животни; за поединечно отстрелување овде веќе не може да стане збор.

Дајте им го на животните животниот простор што им припаѓа; тогаш би можело постепено да прекине убивањето на животни и одвај дека би имало веќе шумски штети и штети врз природата.

Во тесниот животен простор нема доволно храна. Се разбира, феудалните господари не знаат дека гладта доведува до очај и не дозволува да се биде избирлив. Така е и кај животните; тие се гладни и затоа јадат сè што можат да дофатат.

Во оградените простори за дивеч животните се затворени на уште потесен простор, меѓутоа само додека феудалните господари не ги истребат целосно.

Кој сака самиот да му допушти на феудалното владеење да се насочи кон пропаст, тој станува или останува вегетаријанец. Ценети сограѓани: Не јадете веќе месо, препуштете им го тоа на феудалните господари, доколку тие го сакаат тоа! Ако потоа полека избувне Кројцфелд-Јакобовата болест (кравјо лудило), тие ќе можат, ако биде возможно, да се негуваат обострано и, евентуално, да го повикуваат свештеничкиот сталеж да моли, доколку тој самиот веќе не настрадал од печеното мисиркино месо.

Ловците би требало да бидат чувари на дивечот, заштитници на природата и на животните, меѓутоа тие станале гоничи, кои животните ги гонат, ги малтретираат, ги мачат и ги отстрелуваат каде што ќе ги сретнат.

Христови зборови од Неговото дело-објава *Ова е Мојата реч**:

*Тешко на ловците и тешко на оние кои бараат месо за храна! И ловците и оние кои, како канибали, лакомо го јадат месото од животните, ќе бидат мачени и*

*ловени од тешкотиите, тагата и болката на животните. Истото важи за оние кои го уништуваат растителниот и минералниот свет. И тие ќе страдаат заради своите недела. Она што човекот го сее, тоа ќе го жнее.* (стр. 147/148)

Ако веќе ловците се специес со посебно чуден, т.е. изопачен менталитет, тогаш со напнатост се исчекува да се дознае што ќе се покаже кога со темата лов се занимаваат свештеници, попови, или други достоинственици на Црквите кои себеси се нарекуваат христијански.

На Интернет можеше да се прочита:

*Пастор пожелува преку Интернет "Хоридо и ловечка среќа".* Еден евангелско-лутерански пастор од местото Лихов, теолог и долгогодишен ловец, нуди препораки за Хубертовите литургии.

Само неколку негови изјави:

*При Хубертусовите литургии станува збор за "бараното освестување за положбата на човекот во ко-создавањето... Тој расправа за тоа како усмртувањето на животни при лов е спОиво со христијанската етика... За дивечот мора да се погрижи. Откажувањето од лов не значи одговорност, туку занемарување..."* (epd Niedersachsen-Bremen/ b2073/18.8.2000)

Едно тврдење од Даг Фромхолд: *Ниту еден ловец не спори со тие кои се еднакви како него дека ловот, усмртувањето и доаѓањето до плен му причинува радост; меѓутоа, јавно сосем малку ловци го признаваат овој факт – тие знаат зошто.* (www.tierbefreier.de)

Во една божја служба во чест на заштитникот на ловците, св. Хуберт, во местото Дибург се вели: *И ловците би требало да постапуваат во согласност со редот на Создавањето. Во тоа целосно спаѓа и отстрелот на животни...* Нека се слушнат ловечките труби "да одекнат во чест на Бога". *Божјата служба продолжува со еснафска ловечка вечера во парохискиот центар.* ("Дармштатско ехо", 17.11.2000.)

Бог не сака чест која е само човечко себечествување. Преку Јеремија Бог рече нешто сосем друго: *...на вашите татковци кога ги изведов од Египет не им реков ништо и не им заповедав ништо што се однесува на жртва во оган и на заклана жртва.*

Во округот Гермерсхајм деканот Хирш го објасни следново: *Користење на животното што е обележано со одговорност и респект, е легитимно право на човекот, а токму и на ловецот, кој со своето лично залагање го прави најдоброто што може за одржува-*

---

* *Ова е Мојата реч. А и **Ω**. Евангелие Исусово. Христова објава која веќе ја познаваат вистинските христијани во целиот свет, 1008 стр., тврда подврска. Издавач: Verlag DAS WORT, Max-Braun-Strasse 2, 97828 Marktheidenfeld, Deutschland, tel. 0049 9391/ 504 – 135, fax. – 504 - 133*

*њето на природата.* (Весникот Die Rheinpfalz, 17.10.2000) "Најдоброто" значи: да се убиваат животни како што се сака.

Овој краток увид е доволен. Ние препознаваме зошто Бог вистина рече: Доста е! Мерата е полна.

Се гледа колку флексибилно се поставуваат луѓето на Црквата спрема различните барања на јавниот живот. Во тоа тие можеа да се вежбаат приближно 1700 години – или многу подолго време, ако се земе предвид и практикувањето на Стариот завет. Секој научник-проучувач на Библијата знае: Голем дел од Стариот и од Новиот завет е фалсификат – не е Божја реч. Во Стариот завет тоа беа, пред сѐ, свештеници и дворски службеници, кои запишуваа свои претстави во текот на столетија. Во Новиот завет не беа современиците на Исуса од Назарет тие кои ги составија "евангелијата"; зад имињата на "евангелистите" се кријат непознати автори, кои за Назареецот знаеја само од чуено-речено и, повторно, внесуваа свои сопствени "теолошки" претстави.

Ловот е сѐ уште во најголем дел машка работа. Исто така, во Католичката црква повисоките посветувања се задржуваат само за машки теолози. По овој повод, една мисла за ова:

Да не беа свештениците и сличните "достоинствени" "Божји службители" отсекогаш алчни кон тоа да направат Црквата, управувањето со верата, да биде машка работа, да не сакаа да спроведуваат патријархат, давање на моќта во раце на мажите, да не сакаа безусловно да ги исклучат жените, тогаш нивниот нагонски живот секако би останал донекаде урамнотежен, а не толку екстремно изопачен, како што сега повторно излезе на виделина.

Во Стариот завет нивните животински наклоности се изживуваа над недолжните суштества, а и денес продолжува беспоговорно мачењето и усмртувањето на животните. Во Средниот век по некој црковен сладострасник уживаше во мачењето и спалувањето на безбожнички и наводни вештерки, а денес е активен како педераст – се огрешува, значи, кон деца, манастирски ученици и слични – и силува калуѓерки.

Човекот кој мачи и усмртува животни, често веќе не чувствува покајување. Неговата совест, етичко-моралната контролна инстанца, отапела. Под околности, дури преку законот на причина и последица тој ќе стане повторно свесен за тоа што значи да се страда неволја и болка.

Ужасно е да се гледа колку ѕверски се однесуваат луѓето. Има ли уште искричка надеж? Можеби овде-онде уште има малкумина умни луѓе кои препознаваат што се тркала кон нас, кои допуштаат да владее разумот и кои помагаат да се спасат уште многу луѓе кои се со добра волја. Да се

спасат од што? Од чудовиштето кое се прикажува како човек и кое неразумно, а камоли да употреби памет, предизвикува светски хаос каков што уште никогаш не постоел.

Многу луѓе знаат за законитоста: “На секоја реакција ѝ претходи акција”, или “За секоја последица постои причина”. Духот Божји говореше и говори за сеидба и жетва. Жетвата израснува секогаш од соодветна сеидба. Обратно, тоа значи: Од сеидбата може да се заклучи за очекуваната жетва. – Врз основа на овие едноставни и логични меѓузависности може веќе денес да се ѕирне во катастрофата што доаѓа. Кој не сака да верува во она што според сеидбата и жетвата се тркала кон човекот, тој ќе го искуси тоа, оти времето е зрело. Жетвата е во тек.

На почетокот од настанувањето на човекот Духот Божји им ја даде на луѓето Земјата. Тој рече, по смисла: “Потчинете си ја Земјата”, што, секако, не значи Земјата да се исцрпува, а сѐ што живее во неа, на неа и над неа да се мачи, намерно да се усмртува, животните да се осеменуваат противно на природниот закон, животни да се јадат и уште многу друго.

Во книгата *Пророк бр. 15, Животните тажат – Пророкот обвинува!** читаме дека божем Бог им дозволил на Мојсеја и на тогашниот свештенички сталеж да усмртуваат, жртвуваат и јадат животни.

Меѓутоа, овие ритуали што се извршуваа со животните, не потекнуваат од Божја реч преку Негови вистински пророци. Тоа го измисли тогашниот свештенички сталеж и со тоа го мамеше народот како тоа да биле наводно заповеди, или дури наредби, од едниот и вистинскиот вечен Бог. Оваа лага влезе во преданието и беше запишана, така што, на пример во 3. книга Мојсеева, Левит, читаме уште и денес:

*Тогаш тој (наводно Мојсеј) дозволи да му се доведе овенот за жртва во оган. Арон и неговите синови ги положија своите раце на главата на овенот и Мојсеј го закла. Тој ја испрска крвта наоколу по олтарот. Потоа го расчеречи овенот и ги остави главата, парчињата и лојот да изгорат. Ги изми утробата и нозете со вода и го стави целиот овен да изгори на олтарот. Тоа беше една палена жртва за успокојувачки мирис, една жртва во оган за Господа, како што Господ му заповедал на Мојсеја...*

Во книгата *Пророк бр. 15, Животните тажат – пророкот обвинува!* вие можете да читате, меѓу другото, и други примери на раноцрковната поезија, доколку сакате.

Понижувачкиот начин на кој во сите времиња се постапуваше и се

*Може да се добие бесплатно од УНИВЕРЗАЛЕН ЖИВОТ, п. фах 892, 1000 Скопје, тел. 02/3111-043

постапува со животните, потекнува од многубоштвото, во кое се жртвуваа луѓе и животни за да се смилостиват боговите и да се одржат во добро расположение. Преку пророците на Стариот завет Бог говореше против животинска жртва од секаков вид. На пример, Тој рече преку Јеремија: *Вашите палени жртви не Ми се допаѓаат, вашите заклани жртви не Ми се пријатни (6, 20)*, преку Исаија: *Сит Сум од овните кои ги горите за жртва, и од лојта од вашите говеда; крвта од биковите, јагнињата и јарците ми е одвратна (Иса 1, 11)*, а преку Осија: *Љубов сакам Јас, а не заклана жртва, богоспознание место палена жртва (6, 6)*. Натамошни искази со слична содржина се, меѓу другото: Иса 1, 13; Сам 15, 22; Хош 8, 11-13; 3 Мој 5, 21-27; Јер 7, 22-28; Мих 6, 6-8; Пс 50, 9-21. Овие известувања беа очигледно превидени од страна на свештеничкиот сталеж при неговите фалсификувања на Библијата.

И колењето на животни, за да се изедат, е, така да се рече, животинска жртва.

Исус го жигосуваше секое насилство над животните, исто така и јадењето животни. По некој сега ќе приговори дека Исус јадел месо, а и риби, кои се, исто така, месо. Риби дури и намножил. За ова Христос Божји во Своето големо дело-објава, *Ова е Мојата реч, Алфа и Омега, го кажува следново*:

*Ниту од апостолите ниту од учениците не беше одредено да се коле јагне. Меѓутоа, и Мене и на апостолите и учениците ни принесоа парчиња од приготвено јагне како дар на љубов. Со тоа сакаа нашите ближни да нè даруваат, оти подобро не знаеја. Јас го благословив дарот и почнав да го земам месото. Моите апостоли и ученици направија исто како Мене. Подоцна, Ми го поставија прашањето, по смисла: Па ние треба да се дистанцираме од јадење месо. Така Ти ни заповеда. Сега Ти самиот јадеше месо.*

*Јас ги упатив Моите: Човекот не треба намерно да усмрти ниту едно животно, а ниту да го јаде месото од животни кои биле усмртени за да се изедат. Но, ако луѓе кои се уште без вакво знаење приготвиле месо за храна и тоа му го нудат на гостинот како дар и му го даваат како оброк, тогаш не би требало гостинот да го одбие дарот. Оти, има разлика во тоа дали човекот го јаде него од лакомост за месо, или како благодарност спрема домаќинот за неговиот труд.*

*Меѓутоа, оној кој има знаење за ова, би требало, ако му е можно и ако надворешните околности и времето го дозволуваат тоа, да му даде воопштени упатства на домаќинот, но не за да го подучи дека е така подобро. Кога ќе созрее времето, домаќинот ќе ги разбере тие воопштени упатства.* (стр. 809/810)

*Моите ученици Ми донесоа лебови и грозје за намножување. Тој ден Ми беа дадени и мртви риби за намножување. Кога ги*

*зедов тие мртви супстанции во Моите раце, им објаснив на луѓето дека нивниот потенцијал на силите од Отецот, високата животна сила, беше во значителна мера повлечена и дека Јас не создавам живи риби за да бидат повторно усмртени.*

*Јас им објаснив на луѓето дека Животот е во сите животни форми и човекот не треба нив намерно да ги усмрти. Луѓето, особено децата, Ме гледаа тажно. Тие не можеа да Ме разберат, оти живееја во најголем дел од риба, леб и од малку друго нешто. Тогаш им реков, по смисла: Енергиите на Земјата ги одржуваат мртвите риби уште нераспаднати.Така, Јас нема да ви дадам живи риби, туку ќе ви создадам риби од енергијата на Земјата, кои се мртви, значи вибрациски сиромашни. Тие нема да носат никогаш живот и не можат да бидат усмртени. Јас сакам да ви го покажам вкусот на живото – леб и плодови - и, во споредба со тоа, мртвата храна.*

*И Јас создадов за нив риби од енергиите на Земјата, кои носеа малку духовна супстанција. Им ги дадов мртвите риби и наедно им заповедав да јадат и леб и плодови, за да ја сознаат разликата меѓу жива и мртва храна, меѓу високовибрирачка и нисковибрирачка храна.*

Впрочем: Кој погрешно се потпира на исказот дека и Исус јадел месо, па затоа им е тоа дозволено и на луѓето, тој би морал – исто толку доследно – и да живее според Божјите Заповеди и Исусовата Беседа на Гор† ата, за кои Исус поучуваше и ги живееше како пример за луѓето.

Значи, кој се повикува легитимно на јадење месо, бидејќи наводно и Исус јадел месо, тој би морал и својот живот да го насочи поинаку, имено според Божјите Заповеди и Исусовата Беседа на Гората. Исклучоци прави само оној кој е шизофреничен.

Дали станало за нас нормално тоа што животните бегаат од нас луѓето?

Дали веќе сме си го поставиле прашањето зошто бегат од нас птиците, глувците, срните, зајаците, конечно сите животни? Без оглед дали ова се случува во прашума, во пустина, или во нашите шуми и полиња? Дали е тоа за нас баш “сосем нормално”? Го гледаме ли тоа како природно, т.е. природно дадено однесување? Или, каков изговор ние имаме?

Животните форми на природата, значи и животните, сочинуваат едно единство и се комуникациски поврзани меѓусебе. На стотини, илјади километри едно животно знае за другото; тоа осетува дали му е на другото добро, или дали страда. Оваа невидлива комуникација беше веќе експериментално докажана.

Како реагира, на пример, животот во почвата, ситните животинки, кога се мачи и усмртува преку хербициди, фунгициди, пестициди, преку цврсто и течно шталско

ѓубре? Тој испраќа сигнали, т.е. информации; тоа е комуникациската поврзаност. Насекаде на Земјава истородните живи суштества забележуваат како им е на нивните со-суштества.

Стравот од извршителите се изразува во таа насока што животните се повлекуваат преплашени кога ќе ги пресретне еден извршител, еден човек.

Колку многу страдаат природата и животните заради агресивното однесување на човекот, сега се анализира и преку експерименти на терен во *Габриеле-фондацијата*:

Дека собните растенија реагираат на чувствата и мислите од оние кои ги поседуваат, тоа се знае веќе одамна. Дека цветовите имаат страв ако им се пријде агресивно – на пример, за да бидат исечени – се докажа дури и со мерни апарати. Пред неколку години еден јапонски научник откри дека и водата ги складира и ги одразува нашите мисли и зборови. Нивните позитивни или негативни ефекти стануваа јасно видливи во различните форми на кристализацијата.

Не може да биде поинаку кога почвата и најмалите живи суштества се мачат со хербициди и пестициди, или со цврст и течен шталски гној. И практикувањето на ловот, исто така, има, далеку поголеми штети од мерливите, невидливи негативни последици врз хармонијата и единството на природата. Истрелите ги престрашуваат не само животните, туку му штетат и на животот на растенијата и на почвениот живот. Првите мерења се веќе направени. Во подготовка е една научна студија.

Кога луѓето ги хранат животните, тогаш овие го чувствуваат тоа како прифаќање на позитивна комуникација. Ова го користат ловците. Меѓутоа, тие ги хранат животните на шумите и полињата само за да ги згојат, или преку поставување на мамки да ги намамат и да можат така поудобно да ги убијат.

На пример, недалеку од позицијата за стрелање ловците ставаат вкусни залаци за дивите свињи - животните се гладни, доаѓаат до овие места за хранење и тогаш им е лесно на ловците да ги отстрелаат, да ги усмртат. На илјадници и илјадници километри се шират повторно комуникациските сигнали на страв, болка, страдање, очај, а особено тогаш кога млади животни ќе ја загубат својата мајка. Другите животни, близу и далеку, ги примаат овие сигнали, а со тоа и информациите. Последицата од тоа е страв. Тие отстапуваат и ги одбегнуваат оние кои го предизвикале тоа, луѓето.

Ние слушнавме веќе за оградените ловишта, каде што животните се негуваат и хранат додека не се оцени дека созреале за да бидат убиени. Додека дојде до тоа, животните се питоми и му доаѓаат на ловецот директно пред неговото смртоносно оружје, пушката. Повторно на илјади и илјади километри околу Земјава оди она

што се искусува: страв, страдања, болка – и информацијата: Оддалечете се од убиецот на животни, човекот!

Кон ова доаѓа страдањето од масовното држење на животни и од транспортите на животни: Говеда, свињи, овци, кози и други животни се натискаат во транспортери за животни. Со часови, или дури со денови, тие мораат да останат така збиени.

Наполно беспомошни и оставени на себе, изложени на неприродните движења на возилото, стоејќи или лежејќи во сопствениот измет, тие страдаат од глад и жед, од студ и жештина. Иако богато снабдени со соодветни лекарства, животните оболуваат; некои стигнуваат мртви на одредишното место. Таму, преживеаните брутално ги истеруваат од нивниот затвор, т.е. ги извлекуваат надвор, насила ги принудуваат да дојдат во кланицата, каде што мораат да го примат смртоносниот истрелан клин – или некој друг начин на усмртување. Уште топлото тело се обесува, му се вади утробата, и тоа се реже со пила на парчиња и се исечува. “Сега тоа не е веќе животно, туку месо”, можеше да се чуе на еден празник на колење.

Потоа, јадачите, или лапачите, на животински трупови – нека ги нарече кој како сака – можат да си ја побараат својата порција на витрината за месо и, соодветно вкусно приготвена, да ја изнесат дома на трпезата како печено месо од животински труп.

Мирисот на печеното се шири низ просториите. Тој го поттикнува човековото сетило за вкус. Кои сигнали и пораки уште нашироко ги разлева трупот на убиеното суштество, кои информации ги прима јадачот, односно лапачот, со својот оброк од трупот – за тоа размислуваат само малкумина. А не размислуваат ниту за тоа што предизвикуваат тие информации потоа, под околности, во неговиот организам.

Слично им се случува на нашите пердувести животински браќа и сестри: гуските, патките, кокошките, мисирките, гулабите, нојовите, па сè до ластовичките. Сите нив чудовиштето човек ги обезглавува, им ја вади утробата или ги расчеречува, ги пече, тостира, динствува или вари и ги јаде, или - ако сакате - ги лапа.

Едно мало пиле, токму излезено од јајцето, со своите нежни мофлести пердувчиња и финото гласче ќе трогне, додуша, некого. Меѓутоа, како му оди на едно такво животинско дете, на пр. на едно машко пиленце?

Ако треба една современа фабрика за јајца да се снабди со идни кокошки-несилки, тогаш неговата судбина е веднаш запечатена. Искусни стручни работници вешто ги селектираат сите машки пиленца, кои потоа на најекономичен начин ги убиваат и ги однесуваат за натамошно искористување на нивните трупови. Би било можно, исто така, нашето петленце да заврши како жива храна за животни од зоолошка градина. Или,

заедно со многу други, се раздробува во некој вид машина-дробилка, како што се вели се претвора во “каша”, за да им донесе, во таква иситнета форма, профит на погоните за производство на пилиња.

А, евентуално, петленцето е одредено и за тоа да биде продадено како пиле за печење и да биде изедено. Едно пиле за гоење живурка еден живот без утеха, сиромашен со светлина, кој не може да се означи како “жи- вот”. Едно “осмислено” држење на животни, различни видови на одгледувања со кои свесно се предизвикуваат промени во однесувањето на животните со цел да се постигнат највисоки можни добивки; големата употреба на лекарства и користењето на резултатите од истражувањето на однесувањето овозможуваат нашето пиленце, како и неговите другари-страдалници, веќе по 6 седмици да ја постигне кланичната тежина. Обезглавено и ослободено од утробата тоа доаѓа во трговијата приготвено за печење. Добредојдена радост за непцето на овој или оној од нашите солуѓе.

Што осеќава, што чувствува ова младо живо суштество пред да умре – во секој случај ужасно и противприродно? Неговиот страв, неговата болка, неговата тага им се соопштуваат наоколу на сите животни на Земјата. А информацијата за таа мака и страдање влегува во неговите телесни супстанции. Човекот ја изедува и неа со месото. Ова петле не живеело во своето кратко постоење, тоа само страдало.

Ниту растенијата не можат да се развиваат онака како што предвидел Создателот за нив. Секое растение, мало или големо, е една форма на Животот. Тоа чувствува. Што чувствува тоа кога се откорнува, фрла и свесно се малтретира? Дрвјата се сечат кога се во полн сок; плодовите се откинуваат од почвата, растителните животни форми се прскаат со отров. И притоа, сигналите одат на илјадници и илјадници километри околу целиот свет.

Земјата стана место на ужас.

Ако сакате сето ова да го читате со разум и срце, а, сепак, и натаму да јадете месо, тогаш не треба да се чудите кога некој ден ќе страдате од она што сте го предизвикале како соучесник. Законот на причина и последица му го одмерува на секој предизвикувач прецизно неговиот дел; нему ќе му биде слично како што тој придонесол да страдаат животните заради ѕверот човек. Оти: Што сееш, тоа ќе жнееш. И: Ниту една енергија не се губи.

*Габриеле-фондацијата* си презема да им понуди на животните татковина, каде што тие ќе можат да живеат без страв и сосем постепено да стекнат повторно доверба спрема луѓето кои ги љубат своите со-створенија.

Во изминатите 25 години Божјиот Дух говореше преку Својот гласноговорник слично како неко-

гаш Исус на Своите ученици. Тој му појасни на човештвото, како прво, за огрубените човекови сетила: силните желби на непцето влијаат врз сетилата, ги засилуваат сетилните желби и поттикнуваат на јадење месо. Како второ, Тој објасни, по смисла: Некои души го складирале програмот за јадење месо во текот на своите многубројни инкарнации, под околности, долго со илјадници години, во кои како човек ловеле животни и го јаделе нивното месо. Заради тоа, тие не можат да го напуштат тоа од денес до утре.

Кога Духот Божји им ја довери на луѓето Земјата со минералите, растенијата и животните, кога им ги даде, значи, под закрила на луѓето, ним им беа објаснети од Бога законите на животот, во кои се содржани и природните закони. Бог предупреди, со животните, растенијата и минералите да се постапува според законитостите на единството и љубовта и ниту едно животно намерно да не се усмрти или изеде. Христос Божји во Својата Беседа на Гората, а, исто така, и во последниве 25 години поучуваше за патот на профинување на сетилата, за да го напушти човекот постепено јадењето месо и како храна за себе да си го направи она што подготвено му го дава Земјата. Плодовите на полињата, житото, зеленчукот, овошјето и билките му го даруваат на човекот она што му е потребно за да го одржи на природен начин здраво своето тело, кое е едно природно тело.

Бог, Вечниот, гледаше многу илјади години како човекот ја злоупотребуваше Неговата доверба. Со бескрајно трпение и добрина Тој опоменуваше секогаш повторно и повторно преку просветлени мажи и жени, преку пророци и преку Својот Син, Исус, Христос. Во последниве 25 години Бог опоменуваше наново и го покажа патот што води назад во единството.

Како што е веќе речено, Неговата порака и Неговите опомени одат преку радио и телевизија во целиот свет. Исто така, близу 20 години речта Божја и Неговата волја се пренесуваат секое неделно утро во многу места на прахристијанско среќавање и достапни им се на сите луѓе кои сакаат да дознаат за волјата Божја. Внатрешниот пат, објавен од божествениот свет, кој како централно мисловно благо го содржи чистењето на душата и чистењето на сетилата, се поучува веќе околу 20 години.

Големата понуда од Вечниот до Своите човечки деца – која, како што е веќе речено, може да се слуша на многу места во светот, значи е светски раширена – ја искористија малкумина. Тие ги слушаа и ги слушаат пораката и опомените од Бога. Сепак, на понекој му е премногу удобно за да се напрегне за постигнување на повисоки етичко-морални вредности. Многумина се задоволуваат со слушањето на Божјата реч. Тоа значи дека тие и натаму ги задржале своите стари навики, имено дека ги закопале сребрениците.

На голем дел од човештвото му е сеедно дали Земјата се искористува безобѕирно, дали животните се мачат, дали на ужасен начин, недостојно за животните, се држат во штали; дали тие мораат да им служат на мачителите на животни и на убијците на животни за најразлични цели, исто така и за експериментални цели; дали мораат да ги јадат своите убиени сродници како животинско брашно; дали животните болно викаат во кланиците во паничен страв пред убивањето; дали почвениот живот, најмалите живи суштества, се уништува, т.е се усмртува со цврсто и течно шталско ѓубре и со уште многу друго. Многумина знаат дека ова не го сака Бог. А, сепак, молчат и остануваат неактивни.

И покрај сето тоа, порциите на храната со месо стануваат сè поголеми и, пред сè, поефтини, а приготвувањето сè пофеудално. Лакомоста за месо и за она што е од месо се поттикнува – страста за уживање, која, меѓу другото, како ниско ст се изразува во изопачената и перверзна сексуалност, веќе не знае за граници.

Бидејќи е тоа така, животните станаа масовна трговска стока. Во природниот тек на зачнување и раѓање на животните се вметнаа зафати со декрет од долу, од кнезот на подземјето. Тоа ѝ служи на неговата цел, да Го исклучи Бога и Неговите закони, а, исто така, и Неговите природни закони за оваа Земја. Со тоа, човекот се стави над Бога, Создателот на Животот.

Во брошурата *Габриеле–фондација. Заамлинско дело на ближната љубов спрема природата и животните*, меѓу другото, се пренесуваат следниве зборови од Сè-Духот, Бога. Тој рече (1999 г.):

*Човештвото постепено ја достигнува највисоката точка на своите негативни активности. Противникот мисли дека може да триумфира над Мене преку изопачени луѓе кои зафаќаат во Животот и кои изигруваат создатели. Тој отсекогаш се лажеше. И овојпат тој ќе се излаже, оти сега мајката Земја е Моја.* (стр. 12)

Списанието *Царство на мирот. Твоето царство доаѓа – Твојата волја се врши. Моли и работи**, кое е едно извонредно гласило за животот, дава увид во дејствувањето на *Габриеле-фондацијата. Заамлинско дело на ближната љубов спрема природата и животните.* Таму го читаме следново:

*Првин умира животното...*
*Животинските епидемии напредуваат! – ЗОШТО?*

*Бог им ги подари на луѓето природата и животните за да можат да живеат на Земјата. Меѓутоа, Тој не ни даде неограничено енергија за тоа, ние да правиме што сакаме со Неговото Создавање.*

*Најпрвин полудеа говедата, бидејќи им оболе мозокот. Дезориентирани и со нарушена рам-*

нотежа тие паѓаа на задните нозе. Сега се појавуваат рани на устите и папците кај овците и свињите. Сега и тие можат да се движат само така што повеќе се лизгаат, а имаат и висока температура: лигавка и шап. Животните како да му се извлекуваат на човекот преку болеста и пoпрво дозволуваат да бидат спалени одошто и натаму да бидат мачени и изедени. Сенишни слики нè прогонуваат секојдневно: клади што горат, на кои изгоруваат цели стада овци, затоа што се заболени неколку животни; печки за спалување, во кои треба да се елиминираат милиони говеда како отпад, за да не паѓа понатаму ценaта на говедското месо. Ужасни сцени на една цивилизација, која е очигледно на погрешен пат и која сега ја напаѓаат цела низа од животински епидемии. Се зборува веќе и за туберкулозата, и, со години, секогаш повторно за свинската чума.

Сега се "истражува" и се размислува од каде доаѓа сето тоа – од храната што се произведува од трупови, или од отровите за инсекти, од антибиотиците, или од општиот стрес од масовното шталско држење на животни. Можеби би требало да се истражи уште едно рамниште подлабоко и да се праша како воопшто настануваат животни во денешно време. На пример, петте милиони телиња кои беа родени само во 2000-та година во Германија. Веќе долго време не е селското животно она кое ги забременува кравите, за да раѓаат од година во година по едно теле, кое, повторно, веднаш им се одзема за да се користат кравите како машини за млеко. Бикот некогаш зачнуваше само 50-100 потомци годишно. За една забревтана аграрна индустрија тоа е веќе одамна премалку. Волшебниот збор гласи: "вештачко осеменување". Над 90% од сите одгледувачи на животни нарачуваат за своите крави сперма преку каталог, веќе според видот на животното и целта на одгледувањето. Бикот, кој седмично се поттикнува повеќекратно на продукција на семе, зачнува на овој начин не 50 или 100, туку 5000 телиња. Со пипета спермата се внесува во кравата. На природен начин таа би можела да донесе само едно теле годишно. Меѓутоа, неа ја надитруваат. Кај неа волшебниот збор гласи: "ембрио-трансфер": на десеттиот ден од половиот жар јајникот се поттикнува со хормони да исфрли не само едно единствено јајце, туку до 40. Овие, повторно вештачки, се осеменуваат и така настанатите ембриони се вадат по два дена од матката со промивање. По правило, 5 – 7 од нив се животоспособни, кои потоа се израснуваат во таканаречени "при-мајки", или "мајки-хранителки". На тој начин, од наследната маса на една "добра крава" годишно се добива не само едно теле, туку шест или седум. Животот се намножува вештачки.

## Нема души
## за “месо-производи”

Или не е воопшто веќе вистински живот оној со којшто се манипулира тука и којшто технички се продуцира како на подвижна лента? Може ли со живите суштества кои имаат душа да се постапува како да се купови од клетки и, со заобиколување на законите на природниот нагонски живот, насилно да се “добие” живот, а без да се уништи единството на телото и душата на животните? Кој ќе стане свесен дека сиот живот доаѓа од космичкото единство во Бога, од Сè-Духот, кој сè прострујува во слобода и сè оживува со Својата создателска сила, тој може лесно да си претстави што значи тоа ако човекот, преку такви методи на одгледување, се обидува да Го исклучи Создателот и да владее самиот над природата и животното.

Како што знаеме, благодарение на пораката од Габриеле, со тоа човекот излегува надвор од божествената животна струја, а неговите “створенија” не припаѓаат веќе во божествениот енергетски контингент за Земјава, со кој се оживува материјата. Животните се суштества кои се, самите по себе, снабдени со душевност. Веќе според својот степен на развиток нив ги продишува, како нижи животни, една колектив-душа, или, пак, имаат, како цицачите, единечни души, кои стојат во тесна врска со односниот животински вид. Милионите говеда што ние ги присилуваме на вештачки “живот” како “месо-производи” за да ги згоиме и да ги усмртиме најбрзо што може, веќе не располагаат со такви души, туку се се држат за енергетските полиња на нивните создавачи, ветеринарите и одгледувачите на животни, и на други, а, не како последно, и за “потрошувачите” на животинскиот живот. Една кармичка вплетканост на човекот и животното.

## Кружниот смртен тек
## се срушува

Настана, во некоја мера, еден сопствен енергетски кружен тек, којшто се одвоил од божествената животна сила и сега веќе живее само од консуматорската енергија на една човечка цивилизација која контингентот на енергија што ѝ е даден од Бога го злоупотреби, односно го потроши. Слабоста на нејзината животна енергија се изразува како “слабост на имунитетот” кај човекот и животното. Тоа е почвата на која растат епидемиите. Менувањето на прионите, или пренесувањето на вирусите тогаш се само последица на општата слабост. Сега постепено се срушува кружниот смртен тек на човековото самоволие. Оти, Сè-Духот, изворот на силата на целиот живот, не стои веќе на располагање доколку човекот не е подготвен да води, заедно со природата и животните, еден живот според законите Божји.

*Првите чекори*
*во новото време*

*Заради тоа, како што е веќе известено во минатиот број, нему му беше одземено владеењето над животните. Она што беше долго најавувано, сега се случи: Бог склучи сојуз со животните, од којшто, во заедничка работа со духовни и природни битија, произлегува една нова Земја – Царството на мирот, во кое луѓето ќе живеат во мир меѓусебе и со животните. Првиот чекор во ова ново време може да го направи секој кој живее според етиката: што не сакаш да ти се прави тебе, тоа не му го прави ниту ти на некој друг – ниту на ближните, ниту на со-ближните, животните. Да им погледнеме в очи и да се пра- шаме како им е во шталите за масовно чување и во кланиците додека да завршат како steaks на нашите чинии.*

*Леонардо да Винчи еднаш рече: "Ќе дојде време кога убиството на животни луѓето ќе го гледаат како престап еднаков на убиство на луѓе." А Духот на Христос Божји денес објавува: "Осамнува новото време, во кое ќе престанат крвните жртви и експериментите над животни, а и колењето и јадењето на животни, оти тие им се со-ближни на луѓето". (Ова е Мојата реч, стр. 397).*

Вие прочитавте правилно: Животните што беа создадени преку човековото зафаќање во природниот и законитиот тек на природата – а тоа се не само говеда, туку и свињи и други видови животни – немаат делумни души. Тие живеат од енергијата на сите оние кои нив ги "пронаоѓаат", кои тоа го изведуваат, кои од тоа профитираат, како и од енергијата на оние кои тоа го потврдуваат, вклучително и потрошувачите, значи и од енергијата на луѓето кои го поткрепуваат тоа ужасно човечко откритие на држење животни како масовна трговска стока, за потоа да се усмртат заради уживање во јадењето на нивното месо.

Зошто е тоа така? Да си освестиме дека, како прво, Бог, кој е Животот, не дава животна сила за ова самоволно, изопачено постапување на човекот. Како второ, човекот не може да создаде животна сила. Тој одзема, во некоја рака краде, од супстанцијата на Животот и од неа прави свое сценарио.

Да бидеме свесни, значи: Луѓето не можат да произведат животна сила самите од себе, од човекот, туку - преку зачнување – само да подготват тело за Животот. Во природно добиеното дете е една душа која го носи во себе животното јадро Бог. Бог е тогаш носителот на животот во душата и, исто така, носителот на животот на физичкото тело.

Истото важи при природното осеменување и оплодување на животните, или при природното опрашување на растителните видови. Бог е и останува Создател и, со тоа, Живот.

Бидејќи ниту еден човек не може да создаде животна сила, човекот стана крадец. Тој сака да се послужува со животната енергија дадена од Бога, за да произведува од неа земни тела, според свое самоволие и за свои цели.

Последицата од овој дрзок потфат беше таа што Бог си ја зеде сега кон Себе Земјата со сите животни форми и сите животни сили.

Повторувам: Човекот доби од Бога слободна волја, бидејќи длабоко во својата душа го носи божествено-духовниот закон на слобода. Бидејќи е тоа така, Бог им ја довери на луѓето Земјата. Меѓутоа, Тој не им го даде правото тие да се издигнуваат над Него, да крадат од струечката животна сила, која е Бог Самиот, за да прават со неа онака како што му се сака на човекот.

Сега ние доживуваме што значи да се сака да се приграби за себе супстанцијата на Животот, која е Бог, и да се сака да се послужува со неа. Вештачки осеменетите животни, кои треба да се заколат заради масовната продукција на месо, им откажуваат на луѓето. Тие попрво умираат и допуштаат да бидат спалени, одошто да бидат жртва, односно плен за крадецот.

Да си освестиме уште еднаш: Сите луѓе кои придонесуваат за овој неверојатен противзаконит престап се – сакале или не – дарители, т.е. доставувачи на својата лична животна сила. Од нив истечува животната сила кон животните кои биле создадени противно на природниот закон. Истото важи за луѓето кои манипулираат наоколу со наследното добро на животните за да ги клонираат. Кој се стреми кон тоа да клонира луѓе и кој се залага за тоа на каков било начин, мора да знае дека и клонираните луѓе немаат душа и дека висат на животната енергија, на животната нишка на својот човечки создавач и на давателот на гените.

Меѓу говедата кои, на пример, на стотини илјади “се елиминираат” како ветеринарно-медицинска мерка, или се спалуваат како “поткрепа на цената на месото”, има многу кои биле добиени по природен пат. Тие имаат делумни души, кои при ова збиднување бескрајно патат, а и се оштетуваат. Покрај ова, тука е и телесното страдање на милиони вештачки произведени животни.

Сето тоа е дело на луѓето, а не Божја волја!

Кога Бог им ја довери на луѓето Земјата со сè што е во неа и на неа и над неа, меѓу Бога и луѓето немаше никаква спогодба за тоа дека е дозволено некакво бескрупулозно зафаќање во Животот.

Човекот нема почит веќе за ништо, ниту за својот ближен, човекот, ниту за својот со-ближен, природата и животните, ниту за себе самиот. Неговиот нагонски живот е насочен - кај еден повеќе, кај друг помалку – кон тоа да уништува.

Алчноста и злобата на човекот не запираат ниту пред животните на шумата и на полето. Тој ги пљачкосува нивните животни простори. Предизвикано од чудовиштето човек, животните во шумата и полето страдаат судбини слични на тие на шталските животни. На целата Земја животните не се ништо друго за луѓето освен стока за тргување. На сите делови од Земјата со нив се постапува на најужасен и најбрутален начин; тие се присилуваат на неслобода, зависност и затвор, се ловат и убиваат – за благосостојба на човекот.

Што се случува на полињата? Животот во почвата се убива со вештачки ѓубриња и со цврсто и течно шталско ѓубре. Почвите се исцрпуваат безобѕирно за да се зголеми профитот.

Индустријализираното земјоделство не е во состојба со своите “вештини” да го надомести погубното исцрпување на ораничниот слој земја. Почвите не го поднесуваат веќе тоа.

Со цврстиот и течниот шталски гној се уништува рамнотежата на почвениот живот. Исто така, со него доаѓаат во почвата и супстанции кои предизвикуваат болести, како прионите при кравјото лудило (BSE), а, исто така, и отпадни продукти од животинскиот метаболизам, како и излачените делови од психофармацевтски лекарства, антибиотици, анаболици, хормони и други медикаменти што им биле давани на животните. Земјиното царство им ги предава понатаму на растенијата информациите од овие туѓи материи. Кога нив ги јадат животни, тогаш информациите ќе се најдат во нивното месо. Најпосле, тие туѓи информации доаѓаат или преку растенијата или преку животинското месо во човекот и можат да доведат до некои промени во неговиот организам.

Едно претпријатие за гоење на свињи мора да докаже дека располага со соодветна површина во полиња и ливади за изнесување на отпадниот течен гној. Се бара, на пример, за 700 свињи да се има 50 хектари земјиште, кое на овој начин систематски се труе.

Во списанието *Царство на мирот* читаме:

*Во поглед на цврстиот и течниот шталски гној: Шокот од едно ненадејно труење со нитрати е секогаш доволно голем за растенијата и животните (живите суштества на почвата, зајаците, срните, птиците...). Дали би сакале ние некој да ни истури врз главата цврст и течен шталски гној?*

И шумите, кои се татковина на многу животни, паѓаат, исто така, како жртва на себичноста и игноранцијата на човекот. Безобѕирно се сечат дрвјата во фаза кога тече животниот сок. Свесно се запалува оган за да се претвори сè, преку џиновски шумски пожари, во прав и пепел. Како загинуваат многу животни притоа, за тоа не се прашува – алчноста за профит се става над Животот.

Човекот ја уништува својата

животна подлога, природата. Така се уништува самиот себе.

Огромни тропски шуми безобѕирно целосно се исечуваат или изгоруваат, за да се претворат потоа во плантажи. Тенкиот хумусен слој, сиромашен со минерални материи, се исцрпува веќе за неколку години. Останува неплодна пустина.

Преку претерано испасување, погрешно наводнување, преку отрови против инсекти и вештачки ѓубриња, преку монокултури и претешки машини, човекот ја прави почвата сè повеќе неплодна. Пустините се ширaт.

Во меѓувреме, 172 држави договарачи, под водство на Секретаријатот за пустини на Обединетите Нации, се советуваат за можностите за помош на погодените земји. Една согласност за начинот на помошта стапи на сила веќе во 1996 година. Меѓутоа, ползата од тоа е под знак прашалник:

*Спроведувањето... се одолговлечува. Погодените сиромашни земји се жалат на недоволната поддршка од страна на индустриските нации. Последната конференција во Recife (Бразил), во ноември 1999 год., заврши со штури резултати и кавги околу финансиите.*(Volksblatt, 20.12.2000)

“Недоволна поддршка” – ближни сме си самите себеси. Би можело да се помогне, но не се сака. Па, самите не сме погодени. Уште не!

Кравјото лудило (BSE) малку ја растресе ароганцијата, себичноста, рамнодушноста и игноранцијата на побогатите и климатски поповолно сместените европски индустриски нации. Во посиромашните и помалку привилегирани региони се работи за голо преживување. *Царството на мирот* пишува за “последиците на BSE-лудилото”:

*Заради претерано уживање на месо во индустриските земји, во “помалку развиените” земји веќе со години умираат шумите и гладуваат селаните со малку земја.*

*Половина од житото што се жнее на Земјава им се дава како храна на животните кои на човекот му служат како месо за храна. Кога човекот би го јадел ова жито директно, тогаш гладот во светот веднаш би престанал да постои.*

*Потоа, списанието Царство на мирот го извлекува заклучокот: Единственото вистинско решение за проблемот кравјо лудило е да се стане вегетаријанец.* (Издание бр. 2/2001 г.)

Според тоа, да се стане вегетаријанец, не е веќе приватна и единствено лична работа...

Бог е Животот во Своите животни форми. Тој ни ја дава Својата сила во нашата храна, во семињата, плодовите, во зеленчукот, во овошјето, во различните видови билки. Ако човекот постапува со нив без почит, ако остава намерно тоа да се упропастува, тогаш ќе одговара за тоа. Законот на сеидба и жетва еден ден впечатливо и забележливо ќе го поучи за тоа колку е скапоцено она што Создателот ни го дарува преку мајката Земја.

Дотолку посериозна тежина имаат, на пр., одлуките да се уништи еден дел од расположливата храна, заради одржување на цената. Ние оставаме други луѓе да гладуваат – а потоа молиме за дарови за помош, на пр. за Третиот свет!

Бидејќи Бог, Создателот, кој е Живот, Си ја прибра Земјата кон Себе, животните, растенијата и минералите немаат веќе повод да му се покоруваат на диктатот од човекот и неговото самоволие, да ги трпат неговите ужаси и студенилото на неговото срце. Земјата се ослободува од ропството што траело многу илјади години.

Сега настапува она што е запишано од Господа, Бога, Вечниот, во *Ова е Мојата реч*: *Земјата стапува во чистење, така што најпрвин ќе отресе сè што ја спречува во тоа да вибрира повисоко. Преку тоа, таа ќе им даде можност на луѓето да живеат на неа онака како што тоа соодветствува на Мојата волја, на Мојот закон. Оваа моќна временска пресвртница започна. Јас, Духот на вистината, правам сè ново.* (Стр. 1063/1064)

Сега се врши, значи, Божјата волја. Земјата, животните, растенијата и камењата нема веќе да им служат на луѓето.

Тоа значи дека болестите на луѓето ќе бидат во пораст, според законот: што човек сее, тоа ќе жнее. Како што е оштетен системот за имунитет на животните, ќе станува послаб и системот за имунитет на луѓето. Законитоста "Акција еднакво на реакција" го донесува со себе тоа дека оној кој ја придвижил акцијата ќе страда од болести што им се непознати на лекарите. А многу болести нема веќе да можат да се излечат заради ослабнатиот систем на имунитетот. Тоа значи долго и тешко страдање во болест, или рана смрт. Тоа, пак, значи: да се умре порано заради причини содадени од самиот човек.

Во Средниот век пламтеа клади на кои беа спалувани мртвите тела на луѓето кои ги беше покосила епидемијата на чума, или, пак, на кладите, на смртта, ѝ беа предавани луѓе кои го добиваа од свештеничкиот сталеж благословот да бидат спалени, бидејќи, наводно, биле во сојуз со ѓаволот. Во денешно време се поставува прашањето: Како се вика ѓаволот, кој го јава денес човештвото? Сега сатаната воведува спалување на животни – утре ќе се запали самиот себеси, оти сегашните клади за животни ќе бидат утре клади за луѓе.

Поставените причини, престапите спрема Земјата, доаѓаат сè повеќе до дејствување. Кравјо лудило, лигавка и шап, земни катастрофи и многу друго се само почетоци. Епидемијата човек расплламтела оган којшто не може веќе да се угасне сè додека Сатаната нема веќе да има луѓе кои ќе му служат и тогаш ќе се згасне самиот себе.

Во светот секогаш имаше и поединци кои опоменуваа. Така,

угледниот истражувач на околината Dennis Meadows веќе пред 30 години објави еден важен извештај на тема “Границите на растежот”. На крајот од 1999 год., додека уште не станувaше збор за сегашниот скандал со кравјото лудило, тој дојде до заклучок дека мошне многу од она што ѝ го сторил човекот на Земјата, веќе не може да се врати во првобитната состојба. Дури, така вели Meadows, човекот ја управува Земјата неизбежно кон колапс.

Интересно е кои заклучоци ги извлекува од тоа овој истражувач: Иако, според неговото гледиште, глобалниот колапс е неизбежен – сепак, една длабока и темелна промена на мислењето е неопходна и е неизбежна за иднината на Земјата и на луѓето. Тој бара “нова етика” и предлага дека би морало “да се изработи нова мостра на алтернативни долгорочни визии, кои ќе можат да ги обединат и да ги водат нашите видови на оваа планета.”

Многу луѓе им се уште послушни на Црквите и на науката. Во последните столетија, како што е веќе кажано, како Црквата така и науката докажале дека ништо не знаат. Она што важело вчера, денес е неважечко. Она што денес се чини правилно, утре е погрешно. Така е и со кравјото лудило, со лигавката и шапот и со она што било тестирано на животни и коешто се изразило во соодветни резултати. И онечистената атмосфера и уништувањето на заштитниот слој на Земјава се, исто така, причини од луѓето, кои ќе им се вратат повторно ним.

Сè на сè, науката истражува во матни води. Она што таа го пронаоѓа, тоа е веќе одамна изгниена сламка, за која таа се држи и оттаму ги извлекува своите заклучоци, кои потоа ги објавува како своја мудрост. Меѓутоа, нејзините пронајдоци не се некоја голема мудрост.

Науката и Црквата одат по стапките на оној кој сакаше и сака да се воздигне и самиот да биде Бог. За ова тие се послужуваат со енергиите од Бога, меѓу другото и преку луѓето кои им се послушни ним.

Црквата, која се кити со името на Христа Божји, би имала за задача да го прави она што е Божја волја и да придонесе кон тоа да се врши Неговата волја. Место тоа, таа го изопачи и го осакати Исусовото учење, многупати го преврте него во негова спротивност, ги стави верниците под притисок со погрешни подуки, направи од нив погодни орудија и предизвика - непосредно и посредно – распад на етичко-моралните вредности.

Црквата ја одведе во понадворешнетост Внатрешната религија на единството, која Исус ја донесе, и остави таа да се здрви во догми, ритуали и церемонии. Место да ѝ беше до тоа да го изградува Царството на мирот, нејзе ѝ беше секогаш до тоа да го гради и да го осигури својот монопол на моќ. Таа

настапуваше безобѕирно, со ужас и бруталност, сè до убиство на оние со поинакво мислење. Таа постапуваше немилосрдно во своето дејствување против Животот – исто така и во односот кон Земјата. Бидејќи, значи, Црквата - како католичката, така и евангелистичката – Го предаде Христа, го присвои учењето на Добриот Пастир, го фалсификуваше, и ги заталка Неговите овчички на погрешен пат, таа ја носи главната вина за пропаста на овој свет, чија последна фаза ја доживуваме во ова време.

Меѓутоа, со-виновници се и луѓето. Бог му дал на човекот и разум, за да го употребува.

Уште видовитиот од Патмос сознал: *Излезете од неа, мој народе, за да не учествувате во нејзините гревови и да не примите ништо од нејзините маки.* А во тоа време уште немаше црковен данок; затоа, денес гласи: *Излезете од неа, мој народе, за да не учествувате во нејзините гревови и да не примите ништо од нејзините маки.*

Пропаста на човештвото продолжува. Тоа не може веќе да се запре, бидејќи масата луѓе опоменувачките зборови од Бога не само што ги гази, туку сака и да ги набие в земја.

Да Го исклучи Бога, тоа нема да ѝ успее ниту на Црквата, ниту на науката, а ниту на државата. Бог Е, и Земјата е сега Негова.

Драги со-луѓе, не лажете се! Епидемијата на кравјо лудило не е сврзана само со Kreutzfeld-Jakob–овата болест. Болеста кравјо лудило, која е предизвикана од човекот, постои во сите телесни клетки на луѓето кои со уживање и преданост го јадеа и го јадат месото на своите животински браќа и сестри, честопати и покрај подоброто знаење. Бог предупреди, јадењето месо постепено да се напушти, а истовремено да се профинат сетилата. Преку профинетите сетила барањето за животинска храна целосно ќе исчезне.

Кравјото лудило (BSE) има многу последици на болеста. А кои ѝ е и понатаму послушен на науката, верува дека Kreutzfeld-Jakob–овата болест може да избувне дури по многу години, и тоа ако воопшто избувне. Но, тоа е само едно од многуте залажувања на кои паѓа по некој и со уживање и натаму го јаде месото од своите животински браќа и сестри. Ако станеме свесни за тоа дека системот за имунитет на луѓето станува сè послаб, тогаш ќе знаеме што е последицата: различни, често неизлечливи болести.

Во сегашново време (2001 г.) животните се спалуваат на стотини илјади – набрзо ќе умираат луѓе на илјадници, зашто и натаму ги изградуваат своите последици, коешто води до соодветни ефекти, кои тие ќе мораат, исто така, да ги поднесат.

Како прво, се произведуваат животински тела противно на законот на Животот. Во оваа

групна вина учествуваат многумина, меѓу другото и консументите на месо. Соодветен удел ќе му се одмери според каузалниот закон и на законодавецот, кој издава одредби или востановува субвенции, а и на оние кои, на пример, заповедта “Ти не треба да усмртиш“ ја преформулирале во “Ти не треба да убиеш“ – секому кој макар само оддалеку има нешто заедничко со оваа акција.

Како второ, кон ова доаѓа сега смртта на говедата и ужасниот начин на нивното умирање. Тоа е повторно кармата на селанецот кој чува животни, како доставувач на месо, кармата на оној кој се занимава со гоење на животни, кармата на современиците кои лапаат месо и, и, и.

Кармата на одговорните во државата, науката и Црквата одвај може да се измери. Тие го залажуваат народот со соодветни невистинити изјави. Притоа, ниту еден министер не може да даде гаранција дека месото кое се нуди не содржи кравјо лудило!

По некој кој службено им дава гаранција на граѓаните на државата дека уживањето месо е безопасно за нивното здравје, можеби веќе одамна си извлекол сосем поинакви заклучоци за својот сопствен приватен живот и се одлучил за вегетаријанска исхрана. Послушниот, сепак, ќе им верува на неговите зборови, бидејќи тоа е пријатно, а тој не е навикнат да се чувствува одговорен за својот живот.

Законот на сеидба и жетва кажува: Секој поединец носи самиот одговорност за целото свое постапување.

Не би требало да зачуди ако и здравствените осигурувања го усвојат ова стојалиште – кога би протестирале против тактиката на замаглување и заглупување од страна на службените лица - кои ги прикажуваат како нештетни опасностите од уживањето месо - и така би придонесле повеќе за јадачите на трупови. А нивните стручњаци веќе одамна, од искуство, знаат: без месо се живее поздраво.

Тоа продолжува и понатаму. Светската апокалипса е во полн ек. И загадувањето на морињата со тешки метали и ненормалното умирање на рибите им се товари, исто така, на луѓето, преку законот на сеидба и жетва. Луѓето безобѕирно ги ловат, убиваат и, без да размислат, ги јадат рибите. По некој научник бездруго смета дека малку тежок метал не би можел толку да штети, оти таков може да се најде на целата Земја...

Предизвикувач на болеста лигавка и шап кај различните видови животни е, исто така, јунакот на зборови, човекот, кој веруваше дека може да Му ја украде на Бога Земјата. Јунакот на зборови и послушниците на науката мислат дека за да се стане господар над болеста би помогнало ако сите животни, кај кои се пројавува макар само можно

сомневање за лигавка и шап, се отстранат и сѐ се дезинфицира. Меѓутоа, човекот, кој е самиот заразата, не се дезинфицира себеси – тој продолжува и натаму како досега.

Кога навистина ќе дојде работата дотаму што заразата предизвикана од човекот да ги нападне луѓето, и да се спалуваат и човечки трупови на илјадници за да се искорени човечката епидемија?

Науката ја смирува возбудената и уплашена нарав на масите, преку тоа што разгласува: лигавката и шапот не се заразни. Многубројните преземени мерки се само затоа за да се обезбеди за кратко време повторно да се пушти во движење продукцијата на месо, за да може да продолжи јадењето на животински трупови. – Меѓутоа, предизвикувачот секако нема да побегне. Животинските болести лигавка и шап и кравјо лудило (BSE) се веќе долго време во крвта на јунаците на зборувањето и на оние кои ѝ веруваат на науката. Тие се пренесуваат преку многу патишта, исто така и преку жртвените животни, кои на клади му се жртвуваат на “богот” на подземјето и на неговите ортаци.

Убиството на животните е смрт на луѓето.

Науката лови и натаму во матни води, наместо во крвта на оние кои дел од својот енергетски волумен, од својот животен сок, т.е. животна сила, доброволно им го пренесоа на животните што за свои цели ги создадоа во својата алчност за профит преку вештачко осеменување.

Човештвото ја загуби играта. Сметката не излегува според планот. Сатаната се заплеткува сѐ повеќе во своите сопствени конци; оти, што човек сее, тоа ќе жнее.

По некој би можел сега да праша каде останала љубовта Божја и љубовта спрема ближните. Како прво, Божјата љубов се наоѓаше во довербата на Бог спрема луѓето. Како второ, таа останува Јадрото на животот во сите сили на природата, во сите души на луѓето и во делумните души на животните.

Иако Сѐ-Мудриот знаеше за изродите на човечката себичност и за човечките “пометнувања”, Тој им ја довери Земјата на луѓето. Меѓутоа, и кога довербата не само што се злоупотребува, туку се напаѓа Животот, кој е Бог, Бог не се пресметува со напаѓачите. Тој не се впушта во нискостите на дрската игноранција за да се оправда Себеси со оние кои сакаат самите да бидат Вечниот и вечноста.

На каков хибрид се сведе науката со своите дела, кои се славеа и се слават како да се напредок, достигнување и големо дело! Од цепењето на атомското јадро и освојувањето на Вселената, преку трансплантацијата на органи, манипулацијата со гени на растенија и животни, па до клонираното животно, клонираниот човек и можностите што произлегуваат од примената на најсовремената ген-

техника кај човекот – секаде тука се работи за тоа да се зафати во Божјото Создавање и тоа, колку што е можно повеќе, да се одземе од рацете на Бога.

Кои сили се на дело за да го тераат напред развојот во светот, во државата, Црквата и науката, во одредена, екстремна насока, тоа можеше да се согледа од нескриениот триумфален извик кога во летото 2000-та година низ медиумите одекна веста "Човековиот геном е одгатнат". Сосем отворено се удираше в гради дека е грабната од Бога Неговата тајна, дека е дешифриран градбениот план на човековиот живот и достигнувањето се славеше како решавачки чекор во новото време, во кое сега човекот би бил господар на Создавањето. – Ова кажува сè.

Да се потсетиме што рече Бог, кога во 1999 год., така да се рече, му ја зеде од раце Земјата, склопи сојуз со Земјата, природата и животните и ги стави под заштитата на духовни битија и на божествени битија на природата:

*Постепено, човештвото ја достигна највисоката точка на своето ниско постапување. Противникот мисли дека може, преку изродени луѓе, да триумфира над Мене, да зафати во Животот и да си игра создател. Тој отсекогаш се лажел себеси. И овојпат тој ќе се измами себеси, оти сега е мајката Земја Моја.* (Стр. 12 од брошурата *Габриеле-фондација. Заамлинско дело на ближната љубов спрема природата и животните*)

Сега е достигната највисоката точка, можеби веќе и пресвртната точка. Тоа се покажува:

Така е како што е. Не менува ништо во работите, дали се верува во тоа, или не.

На 27 февруари 2001 год. Бог, Вечниот, му ја даде на човештвото следнава сериозна и важна порака, која наедно беше емитувана и се емитува преку многу радиостаници и на многу јазици во целиот свет:

# *Создателот рече:*

*ЈАС СУМ Бог на Аврама, Бог на Исака и Бог на Јакова. Јас Сум Бог на сите вистински пророци.*

*Јас, БОГ, Семоќниот, го кревам Својот глас преку Мојата пророчица и гласничка и го упатувам до човештвото.*

*Престанете да ги јадете вашите со-створенија, вашите животински браќа и сестри!*

*Престанете да ги мачите нив вршејќи експерименти со животни и одземајќи им ја слободата, така што ги држите во*

*штали, што се недостојни за животните! Животните ја сакаат слободата, исто како вие луѓето.*

*Престанете да ги усмртувате најмалите животинки, почвениот живот, преку вештачки ѓубриња, исто така преку измет и слично!*

*Престанете да ги сечете, да ги палите шумите и да им го одземате животниот простор на животните во шумите и пољаните. Вратете им го нивниот животен простор, шумите, полињата и ливадите; во спротивно, вашата судбина, којашто вие самите си ја наметнавте, ќе ги одземе вашата куќа и двор и вашите извори на храна преку катастрофи ширум светот, коишто вие самите ги создадовте со вашето однесување против Животот, против царствата на природата, вклучително и против животните.*

*Доколку луѓето ги фрлат повторно во ветер Моите зборови, тогаш ќе настане за нив бура, светска судбина, и ќе збрише на стотини илјади луѓе – како прво, преку светски катастрофи, како второ, преку болести што ќе се срушат врз нив слично на епидемии, а коишто тие самите им ги наметнале на животните, кои во ова време се спалуваат на илјадници, преку отклонувањето од секаква духовна етика и морал. Кој нема да се преобрати, тој ќе мине слично.*

*Мојата Реч е изговорена. Светската апокалипса е во тек. Кој не сака да слуша, тој ќе ги чувствува како последици своите причини, коишто самиот ги создал, во сè пократки растојанија. Јас ја издигнав кон Мене Земјата со нејзините растенија, животни и минерали. Кој положува и понатаму рака на мајката Земја со сите нејзини животни форми, тој ќе ги осети последиците. Престанете да мачите, да усмртувате и да убивате!*

*Престанете, вие луѓе, со вашето ѕверско однесување, кое ве погодува исклучиво вас, а не некое друго битие; оти, што му правите на најмалото од вашите со-створенија, тоа Ми го правите Мене, и себеси.*

*Доста е! Преобратете се, инаку продолжува жетвата, која е ваша сеидба.*

*ЈАС СУМ кој СУМ, секогаш Истиот, вчера, денес и утре, во целата вечност.*

Јас повторувам: Бог опоменуваше преку сите праведни мажи и жени. Бог, Вечниот, Го испрати дури и Својот Син, Со-Владетелот на Небесата. Во ова време Тој им испрати повторно еден пророк на луѓето, тоа е една жена, преку која Тој му ја обзнануваше и му ја обзнанува на човештвото ширум светот Својата порака и опомените. Меѓутоа, масата луѓе, на чело со свештеничкиот сталеж, кој беше во сите времиња против Божјите пророци, не ја слушаше Божјата Реч. Љубовта на луѓето спрема Бога е оладена, перверзиите и изродувањата, исто така и во однос на сексуалноста, стапуваа и стапуваат на прво место. Што и да мисли човекот и како и да се однесува – љубовта Божја останува, бидејќи таа е Животот, таа е неуништлива.

Кој сака да ја пронајде Божјата љубов, тој нека не ги слуша јунаците на зборови во Црквата и науката, туку би требало да стане свесен за учењето на Исуса, Христа, кој Божјите Заповеди дадени преку Мојсеја ги живееше како пример за нас и кој ни ја обзнани Својата Беседа на Гората. Се поучуваше и се поучува за Внатрешниот пат, кој води надвор од каузалните вплетканости. Кој сака да се промени, тој може да ја прифати оваа понуда.

Бог ја чисти планетата Земја. Тој го повлекува полека животот на животните, растенијата и минералите, за да ѝ го даде повторно на очистената Земја. По сите оние ужаси што ѝ ги направи човекот на Земјата со нејзините животни, растенија и минерали, сега доаѓа на ред човекот.

Ова подивено и расипано општество ќе изумре, оти човечкото тело е производ на Земјата и ќе стане повторно земја, за да биде претворено од Бога, Животот, во посветла земна супстанција.

Времето на апокалипсата започна. Тоа ќе дојде, онака како што објави Бог. Настанува ново небо и нова Земја. На новата Земја ќе живеат мирољубиви луѓе, кои ќе бидат едно со сите животни, растителни видови и минерали и нема веќе да има злоба на Неговата Земја. Тогаш смртта ќе ја нема, бидејќи престанало усмртувањето на човекот, животното и природата.

Кога ќе умрат мирољубивите луѓе на Неговата Земја, тогаш нивните духовни тела ќе влезат во вечното постоење, бидејќи како луѓе тие живееле како што сака Бог. И во царствата на природата, исто така, нема веќе да има усмртување, туку умирање, т.е. заминување за да се влезе во финоматеријалниот живот, кој трае вечно.

Тоа е духовната еволуција, преминот од грубоматеријалното во финоматеријалното, во вистинското постоење.

# *Верскошо и живошношо убедување на йрахрисшијанише во Универзален живош*

Ние веруваме во Бога, вечниот Дух, кој ја прострујува бесконечноста и во сè и во сите е неделив, присутен Живот.

Ние веруваме дека Бог е моќната творечка сила и изворот на создавањето, струја во која живеат сите битија на светлината и природните царства.

Ние веруваме дека моќната создателска сила, изворот на целото постоење, е во сите градбени елементи на природните царства, во минералите, растенијата и животните.

Ние веруваме дека моќната создателска сила, изворот на целото постоење, е светлина и живот во сите ѕвезди на Универзумот.

Ние веруваме дека моќната сила, прекрасниот Божји Дух, е љубов во сè, сеприсутна и пулсирачка сила во сите души и луѓе.

Ние веруваме во Едниот, Единствениот, во Бога, нашиот вечен Татко на љубов, чии деца се сите битија, души и луѓе.

Ние веруваме дека Бог - Таткото е персонифицирано Битие на љубовта, кое сите ние како чисти битија повторно ќе Го гледаме лице в лице.

Ние веруваме дека Христос, Синот Божји, е Совладетел на Небесата, Кој седи десно од Таткото.

Ние веруваме дека од Бога сме биле создадени како чисти и слободни битија, од кои некои преку мислата на Падот се оптовариле и повлекле и други светли битија со себе во оптовареноста, преку што светлите духовни тела со грешното сè повеќе и повеќе се засенувале, обмотувале и згуснувале, и, конечно, сосема постепено, станале луѓе.

Ние веруваме во предегзистенција на душата, која преку финоматеријалните подрачја на чистење пак се враќа назад и повторно станува чисто битие, бидејќи како чисто битие таа била создадена од Бога, а се оптоварила низ Падот.

Ние веруваме во вечен Живот и дека сите души, чекор по чекор, ќе се вратат во царството Божјо преку Исуса, Христа, нашиот Откупител.

Ние веруваме дека сите луѓе и души се браќа и сестри, сите сместени во големиот Дух на љубов, во Бога, нашиот Татко.

Ние веруваме дека сите луѓе се храмови Божји и во сите живее Духот на Христа Божји, кој е Дух на слободата.

Ние веруваме во Исуса, Христа Божји, Синот на вечниот Отец, кој е Откупител на сите души и луѓе.

Ние веруваме во неоскверненото природно зачнување на човекот Исус.

Ние веруваме во зборовите на Исуса, на Христа, дека стануваме повторно

лика и прилика на нашиот Татко, кој нас како чисти нè гледал и создал и кого ние повторно ќе Го гледаме кога нашето духовно тело чисто и совршено ќе засвети како лика и прилика на вечниот Татко, кое, исто така, го отелотворува и принципот Мајка, оти Бог, сеприсутната струја, ги содржи обата принципа - како Татко-принципот, така и Мајка-принципот.

Ние веруваме дека Исус, Христос, нашиот Откупител, уште пред 2000 години започнал со водењето на сите души и луѓе назад дома, и дека сите повторно ќе се вратиме преку Христа, нашиот Откупител.

Ние веруваме дека без Откупителот на сите души и луѓе нема да стигнеме кај вечниот Татко и дека Откупителската сила, која дејствува во сите души и луѓе, на секоја душа и на секој човек им е поткрепа, потпиралиште и водство во вечниот Татков дом. Тој е Патот, Вистината и Животот.

Ние веруваме во рамништа на чистење, каде што живеат оптоварени души, или за да влезат постепено во царството Божјо, или за да се вратат повторно на Земјата за да станат луѓе.

Ние веруваме во реинкарнација, во отелотворување на тешко оптоварени души, или на души кои како луѓе за краток период на години можат да очистат и поправат многу, а коешто за нив како души би било возможно дури во долги циклуси; ние веруваме во инкарнација на светли души, кои стануваат луѓе за да Му служат на Земјата на Оној кому Му припаѓа сета чест, слава и фалба.

Ние веруваме во законот на сеидба и жетва: што човек сее, тоа тој и ќе жнее.

Ние веруваме во големата Божја милост и милосрдие, која е при нас и ни помага своите гревови навреме да ги препознаеме, да ги окаеме, да ги очистиме и повеќе да не ги чиниме, пред да нè погодат нашите гревови како судбина.

Ние веруваме дека ако со помошта на нашиот Откупител ги користиме деновите, така што грешното го окајуваме, очистуваме и повеќе не го чиниме, можеме без понатамошни инкарнации да се вратиме во нашата вечна татковина, во вечното постоење.

Ние веруваме дека нема случајни судбински удари, дека преку реинкарнацијата нашето земно постоење добива на значење и дека тоа ни одговара на прашањата: зошто сме во овој свет и зошто ова и она е така како што е. Ние ги препознаваме причините тогаш кога законот на сеидба и жетва ќе го вклучиме во одвивањето на реинкарнацијата, при што треба еден на друг да му помага во носењето на товарот.

Ние веруваме во Десетте Божји Заповеди дадени преку Мојсеја и во Исусовата Беседа на Гората.

Ние веруваме дека исклучиво активната вера, т.е. исполнувањето на Десетте Божји Заповеди и на Беседата на Гората овозможува да станеме едно со Христа.

Активната вера, којашто со Христа води кон Животот, за нас прахристијаните значи и препознавање на своите гревови, окајување со помош-

та на нашиот Откупител, молење за прошка, простување спрема нашите ближни, поправање на штетата - толку колку што уште е можно - и веќе не чинење на овие од нас препознати и очистени гревови.

Во ова веќе-не-чинење на гревовите лежи постепеното исполнување на Божјата волја, којашто Вечниот нам ни ја покажа во Десетте Заповеди и Исус во Беседата на Горета.

Ние веруваме во длабоката, искрена молитва во тивка одајка и во помошта од Христа Божји преку молитвата.

Ние веруваме дека сè што е згуснато ќе се раствори, за да биде тогаш повторно финоматеријално, онакво какво што е во вечното постоење од прапочеток.

Ние веруваме дека Исус, Христос Божји, го изградува Царството на мирот на Земјава и дека очистената Земја, која станува сè посветла, како светлосна супстанција постепено ќе влезе во вечното постоење.

Ние веруваме дека Бог е единствениот Живот, кон кого ние преку Христа се стремиме низ остварување на Неговото учење, оти Тој како Исус кон тоа нè поттикнуваше со следниве зборови: "*Кој ова Мое учење го слуша и го спроведува, тој е исто што и умен човек кој својата куќа ја изградил на карпа. И сега, кога падна пороен дожд и водите надојдоа и ветровите дувнаа и удрија на куќата, таа, сепак, не се сруши, оти беше втемелена на карпа. А кој овој Мој говор го слуша, а не го спроведува, тој е исто што и будалест човек, кој својата куќа ја изградил на песок. Кога, сега, поројниот дожд падна и водите надојдоа и ветровите удрија на куќата, таа се сруши, и нејзиниот пад беше голем.*"

Ние се стремиме кон живот во Бога, така што го чиниме она што сакаше Исус, за преку Христа и со Христа да воскреснеме, за да влеземе во срцето Божјо, во Царството на мирот.

Ние веруваме дека само преку мир на едни со други може да има мир и меѓу народите, а не со оружје.

Верата и животот за нас прахристијаните се едно единство. Без активна вера, значи без исполнување, чекор по чекор, на Десетте Заповеди и на Беседата на Горета, нема живот во Бога.

## *Во што прахристијаните не веруваат*

Ние не веруваме дека Светиот Дух е една личност.

Ние не веруваме во Бога кој казнува.

Ние не веруваме дека Бог ја создава душата дури при зачнувањето на едно дете.

Ние не веруваме во едно место, коешто се означува како пекол, ниту во вечна проколнатост.

Ние не веруваме во воскреснување на телото од месо.

Ние не веруваме во натприродно зачнување преку Светиот Дух.

Ние не веруваме во телесно примање на Марија во Небото.

Ние не веруваме во една Црква која самата би не направила блажени.

Ние не веруваме во институција Црква, било како таа да се нарекува.

Ние не веруваме во догми, сакраменти и култови.

Ние не веруваме дека само преку верување - без исполнување на Заповедите Божји - се станува блажен.

Ние не веруваме дека Бог може да се најде во куќи од камен, оти дека секој човек е храм Божји.

Ние не веруваме во крштевање на доенчиња, оти самиот Исус говореше: "Прво поучувајте, а потоа крштевајте".

Ние не веруваме дека при вечерата се потребни посветени лепчиња и вино; Исус со Своите апостоли зеде едно едноставно јадење и, по смисла, рече: Чинете го ова во спомен на Мене.

Ние не веруваме во "светиот отец", папата, ниту во хиерархијата и титулите на кардинали, бискупи, попови и свештеници. Во Библијата, во којашто црковните христијани би требало дословно да веруваат, стои: "*Исус рече: А вие не треба никого на Земјата да го нарекувате ваш отец; оти еден е ваш Отец, Кој е во Небото... Оти, кој самиот себе се возвишува, тој ќе биде понижен; кој самиот себе се снижува, тој се возвишува.*" Библијата, во којашто црковните христијани веруваат, самата дава одговор зошто ние не веруваме во титули, како што се кардинали, бискупи, попови, свештеници и слични на нив. Таму стои: "*...Фарисеите ... ги испратија кај Исуса своите ученици заедно со луѓето на Херода. Тие рекоа: Учителу, ние знаеме дека Ти Си вистинскиот и правилно поучуваш за Божјиот пат и за никого не прашуваш; оти за Тебе не е важен угледот на луѓето.*"

Ние не веруваме во непогрешливоста на еден човек.

Ние не веруваме во светци.

Ние не веруваме дека преку таканареченото помазание на болните ("последно помазание"), или преку исповедта на смртната постела можат во последната минута да бидат поништени сите гревови.

Ние не веруваме во простување на гревови преку свештеници.

Ние не веруваме во предмети посветени од свештеници.

Ние не веруваме дека преку еден манастирски живот и преку бегање од своите солуѓе може да се најде Бог.

Ние не веруваме во аџилак и места на аџилак.

Ние не веруваме во поклонение пред реликвии и слики.

Ние не веруваме дека преку добивање на црковно опроштение може да се откупи вината.

Ние не веруваме дека преку завештание на свеќи и палење на свеќи, или преку пари, може да се напредува кон срцето Божјо.

Кој Го љуби Бога, вечниот Татко, и Христа, Неговиот Син, тој го прави она што Бог сака, а не што сакаат луѓе.

# Книга на годината:

## *Ова е Мојата реч*
## *А и Ω*
## *Евангелие Исусово*

*Христова објава што веќе ја познаваат вистинските христијани во целиот свет*

Сè повеќе луѓе прашуваат: Што навистина поучувал Исус од Назарет пред 2000 години, како Тој живеел? Што им донесоа на луѓето Неговата жртва на Голгота и Неговото воскресение? Како е можно во Библијата да не е содржано ништо за Неговиот однос кон природата и кон животните? Зошто Бог не се вмешува при сета неправда и беда на овој свет?

Многу од она што недостасува во Библијата, или е пренесено неразбирливо, самиот Христос го објаснува, поправа и продлабочува во *Ова е Мојата реч*. Така, читателот открива:

Исус не им донесе на луѓето надворешна религија, туку им Го донесе Бога како добар Татко на љубов, кој не злоставува, не се одмаздува, туку на Своите деца им го покажува патот за да можат повторно да дојдат до слободен и исполнет живот и да можат да Го пронајдат Него.

Исус се залагаше за животните секаде што можеше. Тој ги носеше не само сите луѓе и животни во Своето големо срце, туку и целата природа.

Исус ги објасни таканаречените чуда на исцелувања; Тој го објасни законот на сеидба и жетва и уште многу друго нешто.

***Изводок за пробно читање:***

*Исус одеше кон Ерусалим и сретна една камила со тежок товар дрва. Камилата не можеше да го искачи ридот, а гоничот ја тепаше и брутално постапуваше со неа, меѓутоа не можеше да го помрдне животното од место.*

*А кога Исус го виде тоа, му рече: “Зошто го тепаш својот*

*брат?” А човекот одговори: “Јас не знаев дека е тоа мој брат. Нели е тоа товарно животно и создадено за да ми служи?”*

*А Исус рече: “Не го создал ли истиот Бог од ист материјал ова животно и твоите деца, кои ти служат, и не го примиле ли тие сите истиот здив од Бога?”*

*А човекот се восхити над овој говор. Тој престана да ја тепа камилата и ја ослободи од дел од нејзиниот товар. Тогаш камилата тргна нагоре по ридот, а Исус одеше пред неа и таа не застана сѐ до крајот на своето дневно патување.*

*Камилата Го препозна Исус; оти, таа ја осети љубовта Божја во Него. А човекот сакаше да знае повеќе за учењето и Исус го поучи со задоволство и тој стана Негов приврзаник.*

*Јас, Христос, ја објаснувам,*
*поправам и продлабочувам речта:*

*... Како Исус од Назарет Јас им говорев на многу луѓе за законот на животот, па така и за животните, кои, слично како луѓето, чувствуваат болка, тага и радост. Како што човекот не треба да биде против, туку за својот ближен, така треба да биде и* ***за*** *животните и да носи одговорност спрема нив, бидејќи тие му служат на човекот.*




*Секогаш повторно Јас ги поучував луѓето дека и животните се созданија Божји, кои човекот треба не да не ги почитува, туку да ги љуби. Кој ги тепа и ги мачи, тој еднаш ќе искуси исто или слично на својата душа и на своето тело...*

*1008 страници, тврда подврска, македонски јазик. Може да се добие и на германски, англиски, хрватски, италијански, француски, шпански, руски, словенски и др. јазици.*

***Бесплатно може да се добие****: 48 стр. брошура со извадоци од текстот. на албански и македонски јазик*